ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2018 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ – СКОПЈЕ

01 2019 12 02

Скопје, мај 2020

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 26 |
| Финансиски извештаи за 2018 и 2017 година: | |
| Биланс на успех | 27 |
| Биланс на состојба | 28 |
| Промени на изворите на капиталните средства | 29 |
| Извештај за паричниот тек | 30 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 31 - 35 |
| - Сметководствени политики | 35 - 47 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 47 - 61 |

**Прилози:**

- Забелешки на Нацрт извештај
- Одговор на забелешки

Кратенки користени во извештајот:

АД Пошта - Акционерско друштво за поштенски сообраќај “Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост
ЕПМ - Единица на поштенска мрежа
ЗЈН - Закон за јавните набавки
МСС - Меѓународни сметководствени стандарди
УЈП - Управа за јавни приходи
МТВ - Министерство за транспорт и врски
МФ - Министерство за финансии
МЕ - Министерство за економија
ДКСК - Државна комисија за спречување на корупцијата
МТСП - Министерство за труд и социјална политика
РСМ - Република Северна Македонија
РМ - Република Македонија
ИС – Информационен систем

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:13-437/5

Дата:08.05.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Акционерското друштво за поштенски сообраќај “Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, за 2018 година.

Ревизијата се воздржа од давање на мислење за финансиските извештаи за 2018 година, а изрази неповолно мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2012 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост – Скопје и не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а за усогласеност со закони и прописи изразено е неповолно мислење.

Во февруари 2015 година, извршена е ревизија на резултатите од спроведување на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2012 година, при што е констатирано дека од вкупно дадените девет препораки, четири од препораките се спроведени и пет се во тек на спроведување. Со ревизијата за 2018 година се констатира дека една од препораките кои биле во тек на спроведување е спроведена, а четири сеуште се во тек на спроведување.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај АД Пошта за 2018 година констатирани се следните состојби и тоа:

- одобрен е попуст од 50% на регулираната цена за голем корисник за резервирани поштенски услуги за кои АД Пошта има ексклузивитет и гарантирана цена;
- во 2018 година АД Пошта извршила продажба на основно средство - градежен објект/деловен простор во нејзина сопственост по пат на јавно наддавање без да пресмета и наплати данок на додадена вредност;
- ревизијата не се увери дека приходите од поштенските услуги се целосно прикажани во финансиските извештаи и правилно вреднувани, поради што ревизијата не можеше да го потврди реалното и објективно презентирање на приходите во финансиските извештаи и
- за побарувањата по основ на кусоци од благајничко работење во единиците на поштенската мрежа не е направена соодветна проценка и покрај тоа што постојат индиции за обезвреднување на овие средства.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ги констатира следните состојби:

- во услови кога поштата работи со загуба, Надзорниот одбор одобрил склучување на договори за менаџерско осигурување;
- цените за универзални поштенски услуги за договорните органи кои го применуваат ЗЈН утврдени во постапка согласно ЗЈН се различни од цените одобрени од Агенцијата, а предвидени се и посебните цени за големите корисници дефинирани од страна на Управниот одбор;
- неизвесност за наплата на побарувањата кои датираат од 2000 година, а произлегуваат од Спогодбата со АД Македонски Телеком каде е пропишано дека истите доспеваат кога ќе се изврши финална поделба на имотот со Телеком и
- за подмирување на трошоците на on-line режим после 31.01.2018 година нема важечки договор во услови кога целосно шалтерската ИТ апликација ќе биде управувана од банката.

Во делот - Останати прашања, ги обелоденивме следните состојби:

- потребно е да се направи анализа на соодносот на поделбата на остварениот приход помеѓу деловната банка и АД Пошта од причина што значително се намалени приходите по овој основ од кога се во примена новите договори;

- за исплата на пензии и социјална помош на домашна адреса за сопственици на трансакциски сметки преку деловната банка пресметаната и наплатена поштарина се дели во сооднос како услуга од платен промет, иако исплатата на готовина на домашна адреса е договорна услуга за која се наплаќа поштарина и
- за извршувањето на услугите од платен промет во АД Пошта треба да се воспостават процедури за банкарското работење поради големиот ризик од злуопотреба и кражба на парични средства во услови кога банката е сопственик на целата готовина со која располага АД Пошта.

Од Генералниот директор на А.Д Пошта на Северна Македонија – Скопје, на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, доставени се забелешки кои се разгледани и е оценето дека дел не се прифаќаат поради недоставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби, а дел претставуваат известување за преземените мерки за надминување на утврдените состојби кои во Конечниот извештај соодветно се обелоденети, а две забелешки делумно се прифаќаат поради доставување на нови докази.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 27 до страна 30 заедно со ревизија на усогласеност на АД Пошта, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Извештај за промени во главнината/капиталот и Извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост – Скопје, во кој ревизијата се воздржала од давање на мислење за финансиските извештаи за 2012 година, а за усогласеноста со закони и прописи на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи е изразено неповолно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на АД Пошта застапувано од:

- Фаадис Реџепи, генерален директор и претседател на Управен одбор од 01.09. 2014 до 31.08.2018 година и
- Ејуп Рустеми, генерален директор и претседател на Управен одбор од 01.09.2018 година и понатаму.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од

точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Заради прашањата опишани во точка 4 – Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз

завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.2. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.10. до 30.12.2019 година кај АД Пошта од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2012 година на АД Пошта, е извршена во февруари 2015 година при што е констатирано дека по препораките е постапено при што од вкупно дадените девет препораки, четири се спроведени и пет се во тек на спроведување. Со ревизијата за 2018 година се констатира дека една од препораките кои биле во тек на спроведување е спроведена, а четири сеуште се во тек на спроведување.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 28.01.2020 година.

На ден 14.04.2020 година, од страна на Генералниот директор на А.Д Пошта на Северна Македонија – Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-437/4 од 16.04.2020 година. Забелешките се однесуваат на точките 4.1.1., 4.2.1., 4.2.2., 4.2.3., 6.1., 6.2., 6.4., 7.1., 7.2. и 7.3..
Забелешките се разгледани и е оценето дека дел не се прифаќаат поради недоставени дополнителни докази кои би имале влијание на констатираните состојби, а дел од истите претставуваат известување за преземените мерки за надминување на утврдените состојби кои соодветно се обелоденети во Конечниот извештај, додека две забелешки делумно се прифаќаат, а се однесуваат на точка 4.1.1. и точката 7.1. кои соодветно се коригирани во Конечниот извештај.
Забелешките и Одговорот на забелешките се составен дел на Конечниот извештај.
**Констатирани се следните состојби:**

### 4.1.Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во 2018 година остварен е приход за достава на сметки за електрична енергија во износ од 86.054 илјади денари по Договор за достава на пратки од мај 2010 година. Приходите се однесуваат за вршење на резервирани поштенски услуги - прием, сортирање, пренос и достава на обични писма - пратки до 20 грама на голем корисник со обем од околу 800 илјади пратки на месечно ниво. Условите на

договорот до денот на ревизијата не се променети, а вкупната реализација на договорот од мај 2010 година до 31.12.2019 година изнесува 839.483 илјади денари. Со ревизијата ја утврдивме следната состојба:

- Договорената цена за достава на стандардизирано писмо до 20 грама изнесува 9 денари, иако цената за резервирани поштенски услуги согласно Ценовник кој е во примена од 01.05.2015 година, одобрен од Агенцијата за пошти изнесува 18 денари, односно 16 денари по Ценовник од 2009 година.
- Посебната цена со попуст е утврдена со Одлука на Управниот одбор за голем корисник на поштенски услуги кој користи услуги во обем од 800 илјади писма. Одлуката е донесена врз основа на член 4 од Правилникот за определување на цени за големи корисници на универзална поштенска услуга во внатрешниот сообраќај од 2009 година со кој е уредено кога обемот на поштенски пратки е над 500 илјади, Управениот одбор одлучува за посебни цени. Во јануари 2017 година е донесен нов Правилник каде е уредено дека за пратки до 500 илјади се одобрува максимален попуст до 8%, додека Управениот одбор може да одобри посебен попуст кога месечниот обем изнесува над 500 илјади пратки.
- Во Правилникот не е предвиден максимален износ на попустот за корисници над 500 илјади пратки. Ревизијата обрнува внимание дека со Законот за поштенски услуги, односно член 50 став 9, уредено е дека давателот на универзална услуга може да утврди посебни цени за големи корисници, а цените согласно Законот треба да бидат еднакви за сите големи корисници кои користат поштенски услуги под еднакви услуги.

Како резултат на посебна цена за резервирани поштенски услуги од 9 денари, односно попуст од 50%, само во 2018 година е остварен помал приход од 86.054 илјади денари доколку се примени редовната цена по ценовник.

Во услови кога со Правилникот за посебни цени за корисници над 500 илјади писма нема ограничување за максимален лимит на попуст, а во случај на одобрен попуст од 50% за резервирана поштенска услуга, за која АД Пошта има ексклузивно право да ги обезбедува до крајот на 2020 година како што е уредено со член 92 од Законот за поштенски услуги ревизијата констатира дека договорената единечната цена од 9 денари не е во согласност со член 50 став 9 од Законот за поштенски услуги и не е во согласност со член 80 од Законот за поштенски услуги. Ревизијата обрнува внимание дека во член 41 од Законот за поштенски услуги за останатите даватели на поштенски услуги во однос на резервираните поштенски услуги е уредено дека истите може да ги обезбедуваат, но по цена најмалку 2,5 повисока од цената по која давателот на универзална услуга ги обезбедува пратките за коресподенција од стандардна категорија во првата тежински стапка, односно по цена од 45 денари.

Во периодот на извршување на ревизијата изготвен и усвоен од Управен одбор е нов Правилник за утврдување на посебни цени за големи корисници на универзална поштенска услуга во внатрешниот сообраќај на АД Пошта бр.0201-327/2 од 27.02.2020 година.

**Препорака:**
Органите на управување и раководење на АД Пошта да преземат мерки и активности за добивање на мислење/одобрение од Агенцијата за пошти за усвоениот нов Правилник за големи корисници.

4.1.2. Во врска со Актот за систематизација на работните места и Колективниот договор донесени во АД Пошта, ревизијата врз основа на извршени детални тестирања утврди дека на одредени работни места распоредени се лица со понизок степен на образование од степенот на образование предвиден за тие работни места согласно Правилникот за организација и систематизација. Можноста за ваквото постапување е предвидена со членот 98 од Колективниот договор. Имено, со наведениот член е предвидено дека „работниците со завршен IV степен на стручна подготовка, кои со своето работење се докажале како способни да извршуваат посложени работни задачи, со нив може да се склучи договор за вработување за работно место за кое е предвиден VI степен на стручна подготовка. Истото се однесува и за работниците кои имаат завршено VI степен на стручна подготовка, со нив може да се потпише договор за вработување на работно место за кое е предвиден VII степен на стручна подготовка. Платата на тие работници им се намалува за 5%. На предлог од раководни лица заради ефикасно и непречено извршување на одредени работи и работни задачи со работниците кои имаат завршено IV степен на стручна подготовка може да се склучи договор за вработување за работно место за кое е предвиден VII степен на стручна подготовка при што основната плата во договорите за вработување на овие работници им се намалува за 10%“.
Наведената состојба не е во согласност со член 19 од Законот за работни односи со кој е предвидено дека работодавачот е должен со акт да ги определи посебните услови за вршење на работата на секое поединечно работно место, а работникот со кој се склучува договор за вработување, треба да ги исполнува условите за вршење на работата определени со закон, актот на работодавачот, односно условите барани од страна на работодавачот. Вака воспоставениот начин на постапување од страна на раководните лица и распоредување на вработените на работни места кои не ги исполнуваат условите во однос на степенот на образование, создава нееднаков третман на вработените и ги доведува во повластена состојба одредени вработени.
**Препорака:**
Одговорните лица во АД Пошта да преземат мерки и активности за доследно почитување на актот за систематизација и организација на работни места како и да преземат активности во делот на усогласување на Колективниот договор со важечките прописи од областа на работните односи.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Во 2018 година АД Пошта извршила продажба на градежен објект деловен простор во нејзина сопственост[1] и тоа: 129 $м^2$ посебен дел од зграда ДП (деловен простор) и 8 $м^2$ посебен дел од зграда ПП (помошен простор) со проценета вредност од 7.084 илјади денари. Во врска со продажбата донесена е Одлука од Влада[2], спроведена е постапка за продажба со јано наддавање – електронска аукција[3], со понуда од еден јавен понудувач со понудена вредност од 7.084 илјади денари.
Од Комисијата за спроведување на постапката составен е Записник[4] во кој меѓу другото е констатирано дека со купувачот треба да се склучи договор по извршување на уплатата на купопродажната вредност, без при тоа да се има предвид дека согласно Законот за данокот на додадена вредност постигнатата цена е основица на која треба да се пресмета и ДДВ по стапка од 18% или во износ од 1.275 илјада денари кој исто така треба да го плати купувачот, а договорот да се склучи во полн износ, односно постигната цена и ДДВ. Уплата од страна на купувачот е извршена на 23.07.2018 година во износ од 7.084 илјади денари колку што е постигнатата цена на аукцијата, без ДДВ.
Склучен е Договор за купопродажба на недвижен имот-деловен простор од 27.07.2018 година на кој е извршена солемизација на 03.09.2018 година. Договорот е склучен без во истиот да се искаже и ДДВ на постигнатата цена при продажбата по пат на аукција/јавно наддавање што не е во согласност со одредбите од членот 19 став 1 точка 4 од Законот за ДДВ според кој основица за пресметка на ДДВ за прометот остварен по пат на лицитација е постигнатата крајна цена во постапката на лицитација.
Во врска со продажбата од страна на АД Пошта е издадена фактура која е на износ 8.359 илјади денари. Согласно записникот од комисијата, а подоцна и склучениот договор купувачот ја има платено само основната цена од 7.084 илјади денари, но не и ДДВ-то од 1.275 илјади денари кој до денот на ревизијата не е платен, а од страна на поштата е поведен судски спор.
Данокот на додадена вредност од страна на АД Пошта е платен со месечната пресметка за месец септември 2018 година.
Ваквото постапување има за ефект одлив на парични средства од сметката на АД Пошта и непредвидени расходи за поведување на судска постапка за наплата на данокот на додадена вредност.

**Препорака:**
Надлежните лица од АД Пошта при продажба на основни и други средства, по пат на јавно надавање, да ги почитуваат законските прописи кои ја регулираат

[1] запишан во Имотен лист бр. 105772, КП бр. 1734/2, КО Кисела Вода 2, на бул. Видое Смилевски Бато
[2] бр. 44-309/1 од 24.04.2018 година
[3] Објава бр. 02/2018 од 31.05.2018, електронско јавно наддавање Аукција бр. 523/4166 одржана на 09.07.2018
[4] бр. 0827-537/9 од 12.07.2018

постапката на продажбата како и обврските кои произлегуваат од законските прописи од областа на даноците.

4.2.2. АД Пошта согласно одредбите од Законот за поштенски услуги обезбедува поштенски услуги врз основа на индивидуална дозвола издадена од Агенцијата за пошти, а врши и финансиски услуги во име и за сметка на деловна банка за што во финансиските извештаи евидентирани се приходи од продажба на добра и услуги во земјата во износ од 1.012.397 илјади денари.
Услугите кои ги нуди АД Пошта се извршуваат на цела територија во РСМ, организирани се во 15 подружници, а во рамките на подружниците има 326 единици на поштенска мрежа (ЕПМ) со 502 шалтери во функција, односно станува збор за комплексен систем за вршење на дејноста. За извршувањето на услугите во поштенски сообраќај во примена се интерни акти - ценовници, правилници, упатства, пишани процедури согласно законската регулатива. Приходи од дејноста (поштенско работење и платен промет) се остваруваат со готовинско плаќање во ЕПМ за што се користи шалтерската апликација и фактуриран приход за поштенското работење по склучени договори. За извршените услуги се врши фактурирање на месечна основа по добиени податоци од ЕПМ во Подружниците и Дирекцијата. Со ревизијата избравме примерок на договори за големи корисници во Дирекција, Подружница Скопје 1 и Подружница Скопје 2 при што ја констатиравме следната состојба:

- За вршење на услугите од поштенски сообраќај од страна на Секторот маркетинг и продажба се склучуваат договори со комитентите, и се доставуваат до Службата за финансии во Дирекција и до Подружниците за фактурирање на услугите. Со ревизијата утврдивме дека Секторот за маркетинг и Сектор за поштенски сообраќај немаат формална обврска за следење на договорите, реализацијата на договорите ја следи само Службата за финансии во Дирекцијата и економските служби во Подружниците кои и го вршат самото фактурирање.
- Во Дирекцијата, Службата за финансии врши фактурирање по Договорите за големите корисници по добиени податоци од сите подружниците на месечно ниво, а фактурираниот приход е во обем над 50% од вкупниот фактуриран приход на ниво на АД Пошта. Податоците во излезните фактури не се проверува од страна на друга Служба или Сектор, а за доставените податоци за фактурирање од подружниците, Секторот за поштенски сообраќај не врши проверка и потврдување како што е уредено со Упатството за фактурирање. Од причина што во сите подружници се врши фактурирање по договори, а не се следи реализацијата на договорите, освен од страна на службите за финансии постои висок ризик од неостварување на приходот поради пропуст, грешка или злоупотреба.
- Ревизијата не се увери дека е воспоставен систем на внатрешни контроли за споредба на фактуриран приход со извршени услуги од страна на поединечни сектори (Секторот за поштенски сообраќај, Секторот за

Маркетинг) или одредени лица во Подружниците поради што се доведува во прашање точноста, целосноста и веродостојноста на податоците по кои се врши фактурирање на услугите. Имено со ревизијата утврдивме случај каде за голем корисник не е извршено навремено фактурирање за извршени услуги во период од 2016 година до 2018 година. Во декември 2018 година е утврдена грешката и е признат приходот за извршени поштенски услуги за период од три години во износ од 35.456 илјади денари по Договор за пратки по кој требало да се изготвуват фактури во Подружница - Скопје 2. Имено во текот на 2019 година се изготвени, евидентирани и платени книжните одобренија за извршените услуги за период од три години. Ваквиот пропуст укажува дека постои ризик за неостварување на приход за услуги кои биле извршени .

- Со ревизијата утврдивме дека податоците за изготвување на излезни фактури се доставуваат на различен начин до службите за поединечни комитенти иако станува збор за ист тип услуги. Имено за одредени комитенти за изготвување на излезните фактури не е приложен извештај за остварен месечен фактуриран приход како потврда дека услугите се извршени кој се генерира од апликација Пратки која содржи податоци од Приемните книги кои се чуваат во поединечни ЕПМ, кај други комитенти овој извештај не е потпишан од подружниците, а за одредени комитенти овој извештај е со потпис и печат од подружниците.
- Извештаите за месечен остварен приход кои се генерираат од апликацијата Пратки и кои содржат податоци од Приемните книги содржат податоци за приход по датум, но не се врши поделба помеѓу видот и тежината на извршените услуги согласно Ценовникот и договорите поради што не може да се утврди точно и во кој обем е извршена одредена услуга и дали цената во извештајот е согласно договорот. Во Дирекција, Службата за финансии изготвува фактура како збир на извештаите за фактуриран приход добиени од подружниците и при креирање на излезната фактура невозможно е да се провери дали цената за извршените услуги е согласно договорот и реализацијата на поединечно извршените услуги од причина што и самата апликација не ги содржи услугите како што се дефинирани по ценовник и поединечен договор.

За погоре наведените состојби од Секторот за економско и финансиско работење, презентирано ни е барање[5] доставено до Сектор маркетинг и продажба, Сектор за поштенски сообраќај и Сектор ИТ, со кое Секторот за економско и финансиско работење известува дека се соочуваат со проблеми при фактурирање кои произлегуваат од извештаите кои ги добиваат од подружниците, а известуваат дека не можат да утврдат при фактурирање кои податоци се точни. Исто така доставено е и барање[6] од Секторот за економско и финансиско работење и до Секторот за ИТ

[5] бр.0508-9/12984 од 06.09.2019 година
[6] бр.0508-35/25 од 19.03.2019 година

за изготвување на апликација со цел да се добиваат точни податоци за фактурирање. Во ноември 2019 година за процесот на фактурирање издаден е Конечен извештај од страна на Службата за внатрешна ревизија кој се однесува за 2018 година во кој исто така се констатирани неправилности во процесот на фактурирање.

Од наведените причини ревизијата не се увери дека приходите од поштенските услуги се целосно прикажани во ФИ и правилно вреднувани, што има влијание на реалното и објективно презентирање на приходите во финансиските извештаи. Ваквата состојба не е во согласност со точка 15 од МСС 1, Презентирање на финансиски извештаи каде е наведено дека објективното презентирање на финансиските извештаи бара верно претставување на ефектите на трансакции, други настани и состојби во согласност со дефинициите и критериумите за признавање на средства, обврски, приходи и расходи кои се дадени во Рамката. Исто така наведената состојба не е во согласност со точка 20 од МСС 18, Приходи каде за давањето на услуги е дефинирано дека приходот се признава кога резултатот на трансакцијата која вклучува давање на услуги може веродостојно да се процени, приходот поврзан со трансакцијата треба да се признае со повикување на степенот на довршеност на трансакцијата на крајот на периодот на известување.

**Препорака:**
Органите на управување и раководење во АД Пошта да преземат мерки и активности и тоа:

- за воспоставување на соодветно апликативно решение за процесите кои се однесуваат на поштенското работење со цел да се обезбедат веродостојни податоци за извршените услуги и
- во процесот на следење и реализација на договорите потребно е да се дизајнираат процедури со кои ќе се вклучат одделни организациони единици кои дополнително ќе ја следат реализацијата на договорот.

4.2.3. Пописот на материјалните средстава во АД Пошта не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот[7] поточно согласно одредбите од членот 11, каде е наведено дека Комисијата за попис помеѓу останатото ги утврдува разликите во бројот (количината) меѓу сметководствената и фактичката состојба на средствата. Во пописните листи не е искажана сметководствената материјална состојба на средствата, а е искажана само бројната количинската состојба на средствата утврдена на лице место со пописот, без да се изврши усогласување на состојбата на средства утврдена со пописот со нивната сметководствена вредност, како и утврдување на евентуални кусоци или вишоци, односно не е извршено усогласување

[7] (Сл. весник на РМ бр. 107/2011)

на крајот на годината на состојбата на средствата искажани во трговските книги со фактичката состојба утврдена со пописот (инвентарисување).
Неспроведување на пописот согласно законската регулатива оневозможува потврда на фактичката состојба на имотот, усогласување со состојбата искажана во трговските книги, ризик од губење на средствата и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.
Во текот на ревизијата, односно со пописот за 2019 година оваа состојба е променета со тоа што на образецот пописна листа се додадени колони за количина по сметководствената евиденција, вредност колона за евентуален вишок или кусок.

**Препорака:**
Директорот да преземе активности пописот да се врши во согласност со одредбите на Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

4.2.4. Во сметководствената евиденција и билансот на состојба на АД Пошта за 2018 година искажани се градежни објекти и земјиште чија сегашна вредност изнесува 907.305 илјади денари.
Македонски Телеком АД – Скопје и АД Пошта се правни следбеници на Јавното претпријатие за ПТТ сообраќај “Македонија” – Скопје поделено врз основа на Одлука на Владата[8], при што со Одлука на Управниот одбор на Претпријатието од 03.04.1997 година и Спогодба за финална имплементација и порамнување[9], извршена е поделба на капиталот, средствата и обврските.
Имајќи во предвид дека поделбата на заедничкиот имот како и имотно-правните односи кои произлегуваат од таквата поделба сеуште докрај не се спроведени и реализирани, а со цел ефикасно завршување на целиот процес на физичка делба на недвижниот имот помеѓу двете компании, договорни страни, во месец август 2010 година е склучен Договор со кој се регулира начинот на поделбата на финансиските трошоци кои ќе настанат во текот на процесот на физичката делба на недвижниот имот кој е предмет на делба. Во истиот е договорено и тоа дека се согласни за потребите на ефикасно функционирање на двете компании врз основа на важечката законска регулатива на Република Македонија да извршат физичка делба на недвижностите кои ги имаат во сопственост и на недвижностите кои согласно актите наведени во преамбулата на договорот им припаѓаат во целосна сопственост како и да го уредат/поделат правото на користење на земјиштата.
Поделбата на заедничкиот имот како и имотно-правните односи кои произлегуваат од таквата поделба се уште не се докрај спроведени и реализирани.
Состојбата и за 2018 година е идентична на онаа утврдена со ревизијата за 2012 година со исклучок на тоа што во периодот до 2018 година, според податоците кои

[8] за делење на Јавното претпријатие за ПТТ сообраќај “Македонија“ – Скопје објавена во Сл. весник на РМ бр. 72 од 31.12.1996 година
[9] заведена во Македонски Телеком АД – Скопје под бр. 22916/1 од 01.11.2000 година, а во АД Македонска пошта - Скопје под бр. 03-12304/1 од 01.11.2000 година

се добиени од надлежните од АД Пошта добиени се имотни листи за 9 (девет) единици за поштенска мрежа и 3 (три) работни единици.
Имајќи во предвид дека активностите за детализација на поделбата се започнати во 2009 година и се уште траат, ревизијата не се увери во реалното и објективно презентирање на вредноста на имотот/градежните објекти и земјиште во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Надлежните органи на раководење и управување да ги интензивираат активностите околу завршување на поделбата на имотот и решавање на имотно правните односи кои произлегуваат од извршената поделба на капиталот, средствата и и обврските.

4.2.5. Во финансиските извештаи евидентирани се побарувања по основ на кусоци од благајничко работење во ЕПМ во износ од 136.520 илјади денари за кои е евидентирана исправка на вредност во износ од 65.944 илјади денари. Овие средства се однесуваат на побарувањата за кусоци на пошти од кражби и разбојништва во износ од 100.433 илјади денари и кусоци од проневера од вработени во износ од 36.077 илјади денари. Признавањето на побарувањата е според член 18 од сметководствените политики на АД Пошта, каде е утврдено дека побарувањата од кусоци од благајничко работење во ЕПМ се признаваат во номинална вредност во моментот на надоместување на парични средства кон деловна банка во чие име се извршува платниот промет. Исправката на побарувањата исто така е согласно член 18 од сметководствената политика на друштвото каде е уредено дека максимален процентот на исправка за побарувањата изнесува 50% за проневера од вработени и 60% кога е од кусоци од провали и кражби, за побарувања над седум години. Ревизијата смета дека од страна на АД Пошта не е направена соодветна проценка и покрај тоа што постојат индиции за обезвреднување на овие средства, односно за избран примерок на побарувања за кусоци од проневери од вработените утврдивме дека за дел од лицата запрена е постапката за наплата на побарувањата, а истите сеуште стојат како побарувања од вработени во трговските книги. Исто така од Службата за правни и општи работи не добивме конкретни податоци за побарувањата од кражби и разбојништво, во насока дали е можна наплата на побарувањата, до каде е судската постапка, дали е поведен граѓански спор и таму каде што е можна наплата дали е направена проценка на вредноста на побарувањето.
Побарувањата за кусоци, кражби и проневери од вработените се неизвесни средства, а нивното признавање во евиденцијата во трговските книги според сметководствена политика не е во согласност со МСС 37, Резервирање, неизвесни средства, неизвесни обврски. Имено со МСС 37, во точка 31 е дефинирано дека ентитетот не треба да признае неизвесно средство, а со точка 32 од стандардот е дефинирано дека неизвесни средства се јавуваат од непланирани или други неочекувани настани кои создаваат можност за прилив на економски користи во

претпријатието, а со точка 34 е дефинирано дека неизвесно средство се обелоденува кога е веројатен приливот на економски користи.
Ревизијата смета дека нето вредноста на овие побарувања не се реално и објективно прикажани во финансиските извештаи поради што за истите треба да се изврши исправка на вредноста на побарувањата во финансиските извештаи, а ваквата состојба има влијание на финансискиот резултат.
Исто така ревизијата обрнува внимание дека за овие побарувања извесни се и обврски за данок на добивката од причина што со член 9 став 1 точка 17 од Законот за добивка како непризнанени расходи за даночни цели се смета и трајниот отпис на ненаплатените побарувања.

**Препорака:**

- од страна на Службата за сметководство и Службата за правни и општи работи да се направи проценка на вредноста на побарувањата од кусоци од кражби и проневери од вработените и соодветно да се изврши исправка во финансиските извештаи и
- органите на управување и раководење да извршат измена на сметководствените политики во однос на начинот на признавање на овие побарувања како средства, како и во однос на процентот на исправка на побрувањата.

4.2.6. Краткорочните побарувања од вработените со состојба на 31.12.2018 година искажани се во износ од 992 илјади денари и се однесуваат на побарувања од вработени по основ на виза картички на вработените, аконтации за службени патувања и останати побарувања за дневници за службени патувања. Со анализа на старосната структура на побарувањата утврдивме дека 10% од нераздолжените аванси потекнуваат од 2018 година, 65% се побарувања од 2017 година, 4% од 2015, 17,5% од 2014 година и 3,5% од 2013 година. Несоодветното постапување на дел од вработените кои биле задолжени со аванси и невратените аванси како и не преземените мерки од АД Пошта за наплата не се во согласност со член 15 и член 24 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите им се признаваат во тековни трошоци што овозможува времено финансирање на поединци на подолг рок.

**Препорака:**
Одговорните лица во АД Пошта да преземат активности и мерки за наплата на побарувањата за кои постои законски основ и раздолжувањето со авансите да се врши во законски утврдените рокови.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1. и 4.2. се неможност за потврдување на реалноста и веродостојноста на

презентираните податоци во финансиските извештаи кои се однесуваат на неразрешената поделба на имотот со Македонски телеком АД – Скопје, посебно утврдената цена за поштенски услуги за голем корисник со одобрен попуст од 50% од регулираната цена, извршената продажба на деловен објект по пат на јавно наддавање без пресметан и наплатен ДДВ на постигнатата цена, за приходите од поштенските услуги нема соодветно апликативно решение за добивање на точни податоци за фактурирање поради што не може да се потврди дека приходите се целосно прикажани и правилно вреднувани во финансиските извештаи и побарувањата по основ на кусоци од благајничко работење во ЕПМ се неизвесни средства кои не треба да се признаат како средство, и не е направена проценка за исправка во финансиските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај “Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје на ден 31.12. 2018 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај “Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Согласно склучените менаџерски договори помеѓу менаџерите/директорите на АД Пошта, вкупно 7 (седум) кои истовремено го сочинуваат Управен одбор и членовите на Надзорен одбор на истата, односно претседателот, кои се избрани од Владата на РСМ, регулирани се примањата по основ на плата како и правото, односно можноста доколку Надзорниот одбор го одобри тоа, за менаџерите да се склучат и договори за менаџерско осигурување со осигурителна компанија, која во постапка на јавна набавка ќе понуди најдобри услови.
Можноста за склучување на договори за менаџерско осигурување произлегува од одредбите од членот 365 став 2 од Законот за трговските друштва според кој “*Извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор,*

*односно управителот имаат право на плата, односно месечен надомет, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права*".

Во ставот 5 од истиот член е пропишано во услови на значително влошена финансиска состојба треба да се преиспита можноста од одобрување на ваквите договори, односно "Во договорот од членот 350 на овој закон (на основа кој се склучуваат договорите со менаџерите) се определуваат и ситуациите кога се смета дека значително е влошена финансиската состојба на друштвото, поради што примањата на членот на органот на управување претставуваат голем товар за друштвото, поради што собранието, неизвршните членови на одборот на директорите, односно надзорниот одбор можат да ги намалат вкупните примања и други права на членот на органот на управување од ставовите (2) и (4) на овој член". Со ова намалување на примањата односите меѓу член на органот на управување и друштвото остануваат непроменети, а извршниот член на одборот на директорите, односно член на управниот одбор може да го откаже договорот и даде оставка најрано до крајот на следното тримесечје, со отказен рок кој не може да биде пократок од 30 дена, освен ако собранието, неизвршните членови на одборот на директори, односно надзорниот одбор не прифати пократок рок. АД Пошта, работи со загуба и заклучно со 31.12.2018 година има искажано загуба во вкупен износ од 594.563 илјади денари или околу 10 милиони евра, од кои само за 2018 година загуба во износ од 166.754 илјади денари, а останатиот износ на загубата е пренесен од претходни години почнувајќи уште од 2012 година.

Износот на искажаната загуба укажува на фактот дека финансиската состојба на друштвото е значително влошена, па поради тоа произлегува дека и трошоците од склучување на менаџерско осигурување во такви услови не би биле целисходни. Но и покрај тоа Надзорниот одбор одобрил склучување на договори и полиси за осигурување за периодот од 01.04.2018 до 01.04.2019 година. Од страна на осигурителната компанија по овој основ е доставена фактура во износ од 2.760 илјади денари која е платена од сметката на АД Пошта е евидентирана како трошок на истата.

Со полисите за осигурување, при настанување на осигурените случаи, се предвидени исплати на оштета на осигурените лица.

Во услови да не настанат договорените случаи на осигурани настани, платениот износ на премијата за осигурување, во процент од 89,5% се исплатува на сметка на осигурениците, наместо на сметка на поштата која извршила плаќање на премијата за осигурување.

Ревизијата е на мислење дека во услови кога претпријатието работи со загуба и финансиската состојба е значително влошена надлежните органи Надзорниот одбор и Собранието на друштвото да ја преиспитаат Одлуката за исплати по основ на менаџерско осигурување.

6.2. Во однос на ценовната политика за универзалните поштенските услуги обрнуваме внимание на следното:

- АД Пошта е носител на индивидуална дозвола за универзални поштенски услуги, а согласно член 92 од Законот за поштенски услуги има ексклузивно право да обезбедува резервирани поштенски услуги (писма до 50 грама) до 31 декември 2020 година по цена утврдена од Агенцијата за пошти. Со член 50 точка 5 и точка 6 од Законот за поштенски услуги е уредено дека цените на универзални услуги се одобруваат од страна на Агенцијата за пошти и треба да се применуваат, а за посебните цени за големи корисници со член 50 точка 9 од Законот за поштенски услуги е уредено дека може да утврдат посебни цени за големи корисници но истите треба да бидат под еднакви услови за сите. Со Статутот на АД Пошта е уредено дека Управниот Одбор ги утврдува поштенските тарифи и цените на услугите член 21 став 1 точка 3. Ревизијата смета дека Правилникот за големи корисници каде се утврдуваат посебни цени за универзална поштенска услуга потребно е да добие согласност/мислење од Агенцијата за пошти, како и од Надзорниот одбор или од Собранието на друштвото од причина што со истиот се дефинира ценовна политика која има значајно влијание во работењето на друштвото.

- Со ревизијата утврдивме дека поради постоење на конкуренција во обезбедување на универзални поштенски услуги, државните органи, институциите од јавниот сектор и правните лица спроведуваат постапки за поштенски услуги при што АД Пошта нуди договорни цени добиени со спроведување на постапка согласно ЗЈН. Цените со одредени договорни органи не се во согласност со Ценовникот за универзални поштенски услуги, односно има и одобрени попусти и до 60%. Ваквата состојба на примена на договорни цени по спроведување на постапки за јавни набавки согласно ЗЈН, е во колизија со член 50 точка 6 од Законот за поштенски услуги каде што давателот на универзални поштенски услуги е должен да ги применува одобрените цени од Агенцијата за пошти. Исто така ваквото постапување подлежи на прекршочни санкции утврдени со член 80, став 1 алинеја 14 од Законот за поштенски услуги. Ревизијата смета дека е потребно доуредување на оваа материја во Законот за поштенски услуги во однос на дефинирање и посебни цени и за субјектите кои го применуваат ЗЈН.
- За резервираните поштенски услуги до 50 грама АД Пошта има ексклузивна цена 2,5 пати пониска од другите даватели на поштенски услуги со општо овластување поради што за пратки до 50 грама не треба да се применува ЗЈН. И покрај ваквите поволности има примери во пракса кога од страна на договорните органи во тендерските документации се вклучуват и пратки до 50 грама кое што има влијание на остварените приходи на АД Пошта.

Ценовната политика за универзални поштенски услуги за договорните органи кои го применуваат ЗЈН по цени утврдени по спроведена постапка за ЈН кои може да бидат и 60% пониски од цените по Ценовник одобрен од Агенцијата, како и посебни цени за големите корисници утврдени само од страна на Управниот одбор влијае на остварените приходи од поштенско работење.

6.3. Ревизијата смета за потребно да истакне дека во финансиските извештаи на АД Пошта има евидентирано побарувања во нето износ од 35.544 илјади денари (49.144 илјади денари побарувања - 13.600 илјади денари обврски) кои датираат од 2000 година, а произлегуваат од Спогодбата со АД Македонски Телеком склучена во ноември 2000 година и анексот кон Спогодбата за финална имплементација и порамнување склучен во 2001 година. Со склучување на анекс кон Спогодбата во 2001 година се менуваат одредбите кои се однесуваат на плаќање за порамнување односно наместо Телеком износот од 15.007.741 ДЕМ да го плати на АД Пошти заклучно со 30 јуни 2001 година, се врши доуредување на начинот на плаќање. Имено ненаплатените побарувања во износ од 9.211.508 ДЕМ (75%) биле наплатени веднаш по потпишувањето на анексот, а 25% треба да се наплатат по добивање на имотните листови за објектите кои се наведени во прегледот кој е во прилог на спогодбата.
Со потишувањето на анекс кон Спогодбата со кој се пролонгира рокот на плаќање, е овозможено АД Македонски Телеком наведените објекти да ги користи непречено иако истите не се платени. Со ваквата постапка неизвесна е и наплатата на побарувања во износ од 35.544 илјади денари, од причина што делбата сеуште не е финализирана.
Во 2010 година за ефикасно завршување на целиот процес на физичка делба на недвижниот имот двете компании се согласиле да извршат физичка делба на недвижностите, за што е склучен Договор за поделба на финансиските трошоци.
Во член 8 од Договорот е утврдено дека по добивање на посебни имотни листови за објектите кои се предмет на договорот, договорните страни се обврзуваат да ги подмират меѓусебните финансиски побарувања и обврски кои произлегуваат од Спогодбата за финална имплементација и порамнување. Истовремено трошоците кои произлегуваат од геодетските елеборати како што е предвидено со член 7 од Договорот се подмируваат по добивање на имотен лист на поединечен објект. Од страна на АД Пошта направен е обид за склучување на анекс на Договорот со цел измена на член 7, односно наплатата на трошоците за елаборатите да се компензира со претходно споменатите побарувања, но анексот од страна на АД Македонски Телеком не е потпишан.
До денот на ревизијата не се обезбедени целосно имотни листи за објектите, побарувањата сеуште стојат ненаплатени, а АД Пошта ги подмирува трошоците за геодетските елаборати по поединечни објекти.
Исто така за овие побарувања од страна на УЈП во 2014 година поради третманот на побарувањата дека се застарени добиено е Решение за плаќање на данок на добивка во износ од 5.336 илјади денари. По решението платен е данок на добивка, а од страна на АД Пошта евидентирани се побарувања од причина што е поведен спор со

УЈП. Од страна на УЈП доставено е ново Решение во јануари 2017 година со кој е потврден износот на данокот на добивка кој бил утврден со Решението во 2014 година. Дополнително за спорот има пресуда У-5 бр.274/2017 донесена на 14.11.2018 година со која тужбата се одбива како неоснована. Во декември 2018 година доставен е жалба до Вишиот Управен суд за која до денот на ревизијата не е донесена пресуда. АД Пошта смета дека побарувањата иако потекнуваат од 2000 и 2001 година се недоспеани поради неисполнет услов (добиени имотни листови по спогодба и анексот на спогодбата) поради што не можат да бидат застарени. За побарувањата кон УЈП кои се однесуваат на платен данок на добивка ревизијата смета дека се неизвесни средства согласно МСС 37, Резервирања, неизвесни средства и неизвесни обврски од причина што е неизвесно дали АД Пошта ќе успее да ги поврати средствата платени за данок на добивка по основ на отпис на погореопишаните побарувања.

6.4. Со ревизијата утврдивме дека во април 2017 година склучен е договор по спроведена постапки за јавна набавка на комуникациски услуги за "on-line режим на работа на ИС" за услугите од платен промет со вредност од 49.560 илјади денари за период од две години и исто така во октомври 2019 година за период од две години склучен е договор со вредност од 49.560 илјади денари. Со ревизијата утврдивме дека во 2018 година за "on-line режим на работа на ИС" направени се трошоци во износ од 21.619 илјади денари кои во износ од 7.567 илјади денари се префактурираат на деловната банка (35%) согласно одредбите на Договор за обезбедување на опрема и регулирање на трошоци кои произлегуваат од двонасочната податочна комуникација и "on-line режим на работа на ИС" помеѓу деловна банка и АД Пошта кој е во примена до 31.01.2018 година, а произлегува од Основниот договор со деловната банка.
Имено со член 5 од Основниот договор со банката е уредно дека банката ќе ја развие, имплементира, одржува и унапредува шалтерската ИТ апликација поврзана со систем за позадинско и централно работење и усогласена со технолошките процеси на работа во АД Пошта најкасно 12 месеци по започнувањето на примена на овој договор, односно до 01.02.2018 година. Со истиот член е уредено дека трошоците кои произлегуваат од двонасочна податочна комуникација и "on-line режим на работа на ИС", како и потребата за набавка и одржување на комуникациска машинска и програмска опрема за обезбедување на повисока заштита и стабилност на двонасочна комуникација и on-line режим ќе регулираат со посебен договор.
Со договорот за "on-line режим на работа на ИС" е уредено дека трошоците кои ќе настанат при користење на комуникациската мрежа за поврзување на централна локација на АД Пошта со ЕПМ, ги подмирува банката и АД Пошта во процент соодветен на процентот на приходот, согласно член 3 од договорот за утврдување на надоместоците. Исто така е уредено дека договор со давателот на комуникациски услуги склучува АД Пошта, долгот го подмирува АД Пошта, а за соодветниот процент врши префактурирање на банката.

Ревизијата обрнува внимание дека од страна на деловната банка има судски спор ТС- 322/14 за долг во износ од 76.797 илјади денари за обврски за on-line режим на работа кои се однесуваат за период од 2003 до 2009 година, кога трошоците за on line режим на работа во целост ги подмирувала банката од причина што за истото немало посебен договор. Постапката за судскиот спор со решение на судот во октомври 2016 година е прекината се до завршување на постапката за медијација или по барање на странките за продолжување на трговскиот спор.
Од причина што после 31.01.2018 година нема важечки договор како и нејасни одредби за подмирување на трошоците за "on-line режим на работа на ИС" со Основниот договор во услови кога целосно шалтерската ИТ апликација ќе биде управувана од банката, ревизијата е на мислење дека овие трошоци појасно треба да се регулираат во Основниот договор со банката.

Генералниот директор со Решение бр.0205 -1256/1 од 19.12.2019 година формирал работна група која има задача да изготви предлог текст за нов договор со рок за завршување на задачата од две недели, но активностите се сеуште во тек.

6.5. Во февруари 2017 година Управниот одбор на АД Пошта има донесено Сметководствени Политики на АД Македонска Пошта Скопје број 0201-361/16-1 од 20.02.2017 година, согласно член 469 од Законот за трговските друштва и член 21 од Статутот на друштвото со кои се утврдени сметководствените политики на друштвото при составувањето на основните финансиски извештаи и сметководствената евиденција на друштвото.
Во членот 10-а е наведена сметководствена политика со која е предвидено дека, преносните (лаптоп) компјутери, таблетите и мобилните телефони по завршување на периодот на амортизирање, кога сметководствената вредност ќе се сведе на 0 денари, истите се преотстапуваат на корисниците и се бришат од евиденцијата на друштвото. Согласно наведената политика, Управниот одбор на друштвото на 13.02.2019 година има донесено Одлука за расходување, преотстапување и отпис на основни средства и Одлука за расходување на ситен инвентар, при што се расходуваат основни средства и ситен инвентар утврдени во Елаборатот на Централната пописна комисија за извршениот попис на имотот на АД за поштенски сообраќај Македонска Пошта Скопје во државна сопственост за 2018 година. Согласно двете Одлуки е извршено преотстапување на мобилни телефони и лап топ компјутери со сегашна сметководствена вредност од 0 денари, додека нивната набавна вредност изнесувала 1.470 илјада денари и истите се избришани од сметководствената евиденција на друштвото.
Ревизијата обрнува внимание дека наведената сметководствена политика не е усогласена со член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, каде е наведено дека "движните ствари во државна сопственост Владата на Република Македонија со одлука, може времено или трајно да ги даде на користење, со или без надоместок, на државни органи, на правни лица основани од државата, општините, општините во

градот Скопје, градот Скопје, здруженија на граѓани и фондации". Ваквото постапување може да биде штетно по имотот на друштвото и од тие причини ревизијата смета дека треба да се изврши нејзино преиспитување.

6.6. Обрнуваме внимание дека АД Пошта е тужена странка во судски спорови од 42 (четириесет и два) субјекти и тоа: од 12 (дванаесет) правни лица за износ од 111.828 илјади денари и од 30 (триесет) физички лица за износ од 3.377 илјади денари.
АД Пошта е тужител/доверител во судски спорови со 71 (седумдест и еден) субјект и тоа: на 44 (четириесет и четири) правни лица за износ од 40.807 илјади денари и на 27 (дваесет и седум) физички лица за износ од 23.153 илјади денари.

Од причина што се работи за судски постапки кои се водат пред надлежните судови до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат и постои можност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци и неизвесност за дополнителни приходи при евентуална наплата на побарувањата за кои се водат судски постапки.

## 7. Останати прашања

7.1. Со ревизијата утврдивме дека од 01.02.2017 година во примена е нов договор за деловна соработка[10] и договор за надоместоци [11] помеѓу АД Пошта и деловна банка, правен следбеник на Поштенска Банка со времетраење од 15 години. Договорот е склучен на 29.12.2016 година по претходно мислење од ДКСК[12], за непостоење на законски пречки за склучување на договор од аспект на Законот за спречување на корупција, иако се однесува на постапување во периодот после парламентарни избори и пред да се избере нова Влада. Договорот е специфичен и комплексен, водени се преговори две години, дефинира долгорочна соработка од 15 години и има значително влијание во работењето на АД Пошта.
Со ревизијата утврдивме дека новите услови за вршење финансиски услуги се утврдени од работна група формирана во 2014 година после промена на сопственоста на Поштенска Банка АД Скопје со претставници од Пошта, МТВ и МФ, а подоцна и со претставник од МЕ. Во октомври 2016 година, работната група за текот на преговорите доставува информација и финален извештај до Влада на РМ и надлежните министерства, кој е усвоен со Нацрт- записник од 83-та седница на Влада[13], Врз основа на заклучокот на Влада, добиеното мислењето од ДКСК, Одлука од Управен одбор[14] и Согласност од Надзорен одбор[15], склучени се новите договори . Во информацијата доставена е анализа и симулација на финансиските ефекти од новиот концепт на соработка и правна анализа на договорот.

[10] бр.0207-1422/11 од 29.12.2016 година
[11] бр.0207-1423/1 од 29.12.2016 година
[12] бр.12-4770/2 од 01.12.2016 година
[13] на РМ бр. 42-8336/1 од 23.11.2016 година
[14] бр.0201-1359/3 од 02.12.2016 година
[15] бр.0202-1357/4 од 19.12.2016 година

Со правната анализа се анализирани Законот за платен промет, Законот за облигациони односи, ЗЈН и Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории, но не е земен во предвид и Законот за банки. Со анализата е утврдено дека предметот на уредување на текстот во договорот не подлежи на некој специфичен закон поради што склучување на идниот договор за деловна соработка е SUI Generis, односно специфичен договор затоа што има својствени особини кои се карактеристични само за овој договор и по тоа се разликува и издвојува од други договори. Поради значењето на договорот за работењето на АД Пошта, како и поради долгорочните услови дефинирани во договорот ревизијата смета дека треба да се обелоденат следните состојби:

- Влада на РМ на 77 седница одржана на 03.06.2015 година ја задолжила АД Пошта и работната група врз основа на изработениот концепт на соработка да ги започнат преговорите за склучување на договор со деловна банка која е правен следбеник на Поштенска Банка;
- Имено, АД Пошта врши услуги од платен промет во име и за сметка на Поштенска Банка започнувајќи од 2001 година, каде што АД Пошта, односно државата имала златна акција кое што било уредено со член 9 од Законот за банки[16] ;
- Согласно важечката регулатива која се однесува на платен промет, АД Пошта не може да биде носител на платен промет, односно носители на платен промет со член 3 од Законот за платен промет се Народна банка на РСМ, трезорот, банките кои добиле согласност за вршење платен промет и странски банки. Од претходно наведените причини, односно неможноста да извршува платен промет во правната анализа е наведено дека АД Пошта има потреба од постоењето на овој тип на договор со деловна банка. Истовремено со член 27 од основниот договор е уредено дека АД Пошта ќе ги врши услугите од член 2 од договорот
- исклучиво за деловната банка и не може да склучи договор со друга деловна банка освен за услуги 3.1. “исплата на готовина на дом“ поштарина доколку договорот е склучен претходно;
- Со основниот договор и договорот за надоместоци кои се во примена 01.02.2017 година договорени се надоместоци во нов сооднос на остварените приходи од платен промет, односно во сооднос од 65:35 во корист на АД Пошта, додека во минатото соодносот бил 84:16 и надоместоци за исплата на готовина на домашна адреса во сооднос 65:35, додека со стариот договор 90:10;
- Со новиот договор предвиден е нов концепт на соработка со кој одредени деловни активности ги презема банката и тоа: трезорот и осигурувањето на пари во трезор, транспорт на готовина до и од 35 ЕПМ, развој на шалтерска апликација, контрола и пресметка на сите

[16] кој е избришан со Законот за изменување и дополнување на банките во Сл. весник на РМ бр.190/2016

финансиски активности со оператори од банката, како и управување, чување и архивирање на документите. Поради преземање на обврската за шалтерската апликација АД Пошта е ослободена од обврската да располага со Сертификат ИСО 20 000 и бекап локација. Исто така воведена е Методологија за формирање на цени и опис на работни постапки за извршување на услуги во АД Пошта во име и за сметка на деловната банка по која е остварен е приход во 2018 година во износ од 1.275 илјади денари;

- Во текот на 2013 година со измените на Законот за банки, РМ станува сопственик на златната акција во Поштенска банка се до целосна приватизација на банка, поради што во 2013 година е евидентиран трошок за книговодствената вредност на акциите во износ од 146.653 илјади денари. Ваквата состојба директно влијалела на финансискиот резултат во 2013 година, влијае на кумулираната загуба а подоцна влијае и на новите услови дефинирани со новиот договор. Имено од 2014 година со промена на сопственоста на Поштенска Банка, а и со член 12 од Основниот договор за соработка е договорено дека банката самостојно ја уредува провизијата што се наплатува од клиенти со Тарифникот на банката, состојба која директно влијание на остварените приходи од платен промет за кои АД Пошта нема влијание;
- Со анализа на приходите од финансиски услуги остварени во 2018 година по новиот договор презентирани во Табела бр.1 утврдивме дека приходот по поделбата договорена со новиот договор се помали во износ од 55.582 илјади денари за АД Пошта и за истиот износ се поголеми за сметка на деловната банка, доколку се направи споредба со условите со претходниот договор.

Табела бр. 1: Анализа на остварените приходи со банката според поделба утврдена со новиот договор и стариот договор со банката

| **Субјект** | **платен промет соднос 65:35** | **платен промет соднос 84:16** | **поштарина - исплата на готовина – дом- 65:35** | **поштарина - исплата на готовина - 90:10** | **трошоци за on-line режим 65:35** | **трошоци за on-line режим 84:16** | **приходи по нов договор** | **приходи по стар договор** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7=1+3-5 | 8=2+4-6 | 9=7-8 |
| **АД Пошта** | 128.800 | 166.524 | 57.111 | 79.076 | 14.053 | 18.160 | 171.858 | 227.440 | -55.582 |
| **Деловна банка** | 69.443 | 31.719 | 30.752 | 8.786 | 7.567 | 3.459 | 92.628 | 37.046 | 55.582 |
| **Вкупно** | **198.243** | **198.243** | **87.862** | **87.862** | **21.620** | **21.620** | **264.486** | **264.486** | |

Од причина што значително се намалени приходите за финасиски услуги во АД Пошта потребно е да се направи ревизија на соодносот на поделба на остварениот приход помеѓу деловната банка и АД Пошта.
Исто така ограничувањето на вршење на други услуги за други деловни банки во однос на исплата на пензии и социјална помош на домашна адреса има директно влијание на работењето на АД Пошта.
Ревизијата обрнува внимание дека времетраењето на Договорот за надоместоци е 15 години, а условите треба да се разгледуваат најмалку на 5 години, и во случај на значително отстапување на финансиските показатели од тие кои биле на денот на потпишување на договорот со анекс може да се дефинираат новите услови поради што сметаме дека АД Пошта со претходна согласност од Собранието на друштвото треба да преговара за нови поповолни услови во договорот .

7.2. За исплата на пензии и социјална помош на домашна адреса за сопственици на трансакциски сметки преку деловната банка пресметана и наплатена е поштарина во износ од 87.862 илјади денари, од кои 57.111 илјади денари се приход на АД Пошта, додека 31.719 илјади денари се приход на банката, поради применет соодност 65:35 за поделба на остварениот приход.
За оваа договорна услуга склучени се договори за исплата на пензии и други пензиски примања, како и договор за исплата на корисници на правото од МТСП преку АД Пошта на домашна адреса со банката на 01.02.2017 година, а правен основ за склучување е Основниот договор. Договорите за исплата се со времетраење од 24 месеци. Со договорите за исплата е уредено дека поштарината ја наплаќа банката во висина предвидена со Договорот за исплата склучен помеѓу АД Пошта и лицето - примач на пензија или лицето - примач на социјална помош.
Со договорите е утврдено дека банката ќе задржи 35% од поштарината која ја наплатува од пензионерите. Ревизијата истакнува дека иако во Договорот бр.0207-1423/1 од 29.12.2016 година за утврдување на исплата на висината на надоместоците за вршење на услуги во име и за сметка на банката, во член 3 точка 2 "исплата на дом( пензии, разни видови на социјални права исл.)" се дефинирани како услуги од готовински платен промет за кои поделба на приходот е со соодност 65:35, но со Основниот договор овие услуги се други договорни услуги, а не услуги од платен промет.
Со ревизијата утврдивме дека со старите одредби на договорите процентот на поделба за исплата на готовина на домашна адреса соодносот бил 90:10 во корист на АД Пошта. Исто така за оваа услуга АД Пошта има склучено Договор за исплата на пензиски примања на домашна адреса со деловна банка во 2008 година со кој надоместокот за поштарината е во целост приход на АД Пошта (100%). Поради горенаведените состојби, а во услови кога за исплата на готовина на домашна адреса е договорна услуга која не е од доменот на банкарско работење, во услови кога ризиците се на АД Пошта ревизијата укажува на потреба за измена на договорените услови.

7.3. За извршувањето на услугите од платен промет ревизијата е на мислење дека треба да се воспостават процедури кои се однесуваат на банкарското работење поради големиот ризик од злоупотреба и кражба на парични средства, во услови кога банката е сопственик на целата готовина со која располага АД Пошта, а Пошта е целосно одговорна за готовината ( прометот во главните благајни во ЕПМ во 2018 година, изнесува 22.126.835 илјади денари) и е обврзана да изврши надомест на штета по било кој основ во целиот износ. Со член 19 од основниот договор е уредено дека АД Пошта е целосно одговорна за готовината и е должна да ги надомести на банката сите настанати штети по било кој основ во целосен износ, независно дали случајот и начинот на кој настанала штетата била предмет на осигурување. Од друга страна со член 20 од Основниот договор е уредено дека банката врши контрола и пресметка на сите финансиски активности кои што ги врши АД Пошта во име и за сметка на банката, вклучително и на целиот платен промет што ЕПМ го вршат со готовина. Ревизијата смета дека контролата од страна на банката како што е уредено со договорот не го намалува ризикот од грешка во услови кога за сите настанати грешки и злоупотреби надомест на штета исплаќа АД Пошта.

**АД Пошта на Северна Македонија**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2018 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 1.144.406 | 1.188.752 |
| Останати приходи | 3.2. | 32.478 | 13.170 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **1.176.884** | **1.201.922** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 84.879 | 93.213 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 185.670 | 182.156 |
| Плати, надоместоци и останати трошоци на вработените | 3.5. | 889.192 | 910.789 |
| Трошоци за амортизација | 3.6. | 65.895 | 66.966 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7. | 74.902 | 83.461 |
| Резервирања за трошоци за ризици | 3.8. | 24.007 | 13.801 |
| Останати расходи | 3.9. | 23.562 | 34.669 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **1.348.107** | **1.385.055** |
| Финансиски приходи | 3.10 | 7.955 | 8.513 |
| Финасискирасходи | 3.11 | 3.486 | 9.946 |
| **Загуба од редовното работење** | 3.12. | **(166.754)** | **(184.566)** |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | | **(166.754)** | **(184.566)** |
| **Нето загуба** | 3.13. | **(166.754)** | **(184.566)** |

**АД Пошта на Северна Македонија**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 107.912 | 236.548 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 209.362 | 194.588 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3. | 206 | 1.356 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.4. | 793 | 11.130 |
| Побарувања од вработените | 4.5. | 1.017 | 1.961 |
| Останати побарувања | 4.6. | 199.926 | 197.360 |
| Краткорочни финансиски средства | 4.7. | 3.753 | 1.918 |
| Платени трошоци за идни периоди (АВР) | 4.8. | 65.922 | 35.962 |
| Залихи | 4.9. | 32.309 | 34.237 |
| **Вкупно тековни средства** | | **621.200** | **715.060** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средств | 4.10 | 4.206 | 5.830 |
| Материјални средства | 4.11 | 903.099 | 951.896 |
| Вложување во недвижности | 4.12 | 23.092 | 24.175 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.13 | 558 | 604 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **930.955** | **982.505** |
| **Вкупна актива** | | **1.552.155** | **1.697.565** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.14. | **263.768** | **262.492** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.15. | 116.082 | 98.538 |
| кауциии | 4.16. | 5.793 | 2.850 |
| други давачки | 4.17. | 1.044 | 593 |
| Обврски спрема вработени | 4.18. | 294 | 12 |
| резервирања | 4.19. | 3.462 | 1.670 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.20. | 7.524 | 9.000 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **134.199** | **112.663** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервиерања | 4.21. | 678 | 870 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **678** | **870** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.22. | 2.041.273 | 2.041.273 |
| Ревалоризациони резерви и разлики од вреднувањето на компоненти на останата | 4.23 | (29.432) | (29.432) |
| Пренесена загуба | 4.24 | 427.809 | 243.243 |
| Загуба од тековната година | 4.25 | 166.754 | 184.566 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **2.272.896** | **2.070.518** |
| **Вкупна пасива** | | **1.552.155** | **1.697.565** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.26. | **263.768** | **262.492** |

АД Пошта на Северна Македонија

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕВАЛОРИЗАЦИОНИ РЕЗЕРВИ И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **2.041.273** | (29.432) | 243.243 | 184.566 | 1.584.032 |
| Пренесена загуба од 2017 година | | | 184.566 | (184.566) | 0 |
| Ревалоризациона резерва | | | | | 0 |
| Загуба за деловна година | | | | 166.754 | 166.754 |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **2.041.273** | **(29.432)** | **427.809** | **166.754** | **1.417.278** |

АД Пошта на Северна Македонија

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2018 ГОДИНА

| | во 000 денари |
|---|---|
| | **2018/2017** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(166.754)** |
| Усогласување за Трошоци / приходи кои не предизвикуваат одлив /прилив на парични средства | |
| Амортизација | 65.895 |
| Отпис на побарувања | (10.799) |
| Вишоци(отпис на обврски и вишоци од погрешни уплати | (109) |
| Кусоци | |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | |
| Приходи од вложувања во хартии од вредност | 0 |
| Приходи од отпис на обврски | 0 |
| Вредносно усогласување на залихи | (184) |
| **Готовински текови од работење** | **(111.951)** |
| Побарувања од купувачи | (50) |
| Побарување на дадени аванси | 1.150 |
| Побарувања од државни органи и институции | 10.337 |
| Побарување од вработени | 944 |
| Останати побарувања | (2.566) |
| Краткорочни финасиски средства | (1.835) |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | (29.960) |
| Залихи | 1.928 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 0 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 17.544 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 2.943 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 451 |
| Обврски спрема вработените | 282 |
| Останати краткорочни резервирања | 1.792 |
| Останати краткорочни обврски | (192) |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи за идни периоди (ПВР) | (1.476) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(110.659)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (17.977) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(17.977)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(128.636)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **236.548** |

ПОШТА
на Северна Македонија
POSTA
e Maqedonisë së Veriut

Акционерско друштво за поштенски сообраќај
**Пошта на Северна Македонија** во државна сопственост-Скопје
ул. Орце Николов бр.46 - 1000 Скопје
Shoqatë aksionare për komunikacion postar
**Posta e Maqedonisë së Veriut** në pronësi shtetërore-Shkup
rr. Orce Nikollov nr. 46 - 1000 Shkup
*Тел./Tel. 02/3105-105* **www.posta.com.mk**

Арх.бр. 0508-385/3
Скопје, 14.04.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено: / Pranuar më: 16.04.2020
Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. 13-437/4 | Прилог Shtojcë | Вредност: Vlera:

До

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Главен државен ревизор м-р Максим Ацевски
За Овластен државен ревизор м-р Лилјана Стојанова

**Предмет:** Забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста за 2018 година на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје, Ваш бр.13-437/2 од 13.03.2020 година.

Почитувани,

Нацрт извештајот за извшената ревизија од страна на ревизорскиот тим на Државниот завод за ревизија го разгледавме со внимание и во рамките на дадениот рок од 30 дена по приемот на истиот ги даваме следните забелешки:

**4.1. Усогласеност со законските прописи**

**4.1.1 Мислењето по основ на остварените приходи од извршените услуги за достава на сметки за електрична енергија по договор бр. 15-150/164 од 13.05.2010 год.**

Нашите забелешки по ова точка се однесуваат на следните констатации:

- дека договорената единечна цена не е во согласност со член 50 став 9 од Законот за поштенските услуги

-дека договорената единечна цена не е во согласност со членот 21 став 2 точка 5 од Статутот на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје

-пресметаните финансиски импликации на годишно ниво, и

-дадената препорака

- Имено, по однос на наведеното ги даваме следните забелешки:

-Во членот 50 од Законот за поштенски услуги утврдени се одредбите кои се однесуваат на Цени на универзална услуга.

Законодавецот во овој член прашањето на цените го уредува во две компоненти, и тоа на следниот начин:

1. **Цена (основна цена)** ставовите од 1 - 7, оваа Цена по барање на давателот на универзана поштенска услуга ја ОДОБРУВА Агенцијата за пошти.
2. **Втората компонента е Цените за големите корисници,** ставот 9 на овој член, каде е утврдено : *,,По исклучок од ставот (8) алинеја 4 на овој член давателот на универзална услуга може да утврди посебни цени за големите корисници. Цената за големите корисници треба да биде еднаква за сите големи корисници кои користат поштенски услуги под еднакви услови,,.*

Во овој став законодавецот му дал право на давателот на универзална услуга да може сам да утврди цени за големите корисници.

Од наведеното е јасно дека под Цени на универзална услуга согласно членот 50 од Законот за поштенски услуги се подразбираат (1) Цената (основната) и (2) Цените за големи корисници, и двете заедно прават една целина.

Управниот одбор кога ја утврдил единечната цената за големиот корисник на 09.02.2010 година го имал во предвид како услов (критериум) месечниот обем на обични поштенски пратки и тоа околу 800.000 обични пратки.Тоа е целосно во согласнот со член 50 став 9 бидејки од денот на склучувањето на Договорот број 15-150/164 од 13.05.2010 год. тој е најголем корисник според условот (критериумот) месечен обем на поштенски пратки. Во случај да имало други заинтересирани корисници со ист месечен обем на пратки Управниот одбор ќе постапувал согласно ставт 9 и за него ќе важела истата цена.

- Договорената единечна цена во договорот бр.15-150/164 од 13.05.2010 год. целосно е во согласнст со членот 21 став 1 точка 3 од Статутот на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје, Управниот одбор во рамките на своите надлежности *,,ги утврдува поштенските тарифи и цените на услугите,,.* Правата и обврските за ,,Пошта,, и ,,големиот корисник,, како договорни страни на наведениот договор, во делот на извршувањето на услугите за достава на сметки за електрична енергија се регулирани во одредбите на договорот, **меѓу кои и единечната цена во износ од 9 денари**. Сите одредби од договорт вклучувајќи ја и единечната цена се почитуваат од договорните страни, **договорот важи од 13.05.2010 година, важел во 2018 и сеуште е во важност. Утврдената единечна цена во договорот важи се додека е во важност договорот и истата не се утврдува за секоја година посебно**. Договорот со сите негови одредби вклучувајќи ја и единечната цена не може да се оцени во контекст на членот 21 став 2 точка 5 од Статутот на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје поради две причини:

1. **Статутот на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје е дополнет во членот 21 став 2 со точка 5 со важност од**

**25.02.2015 год. (,,Службен весник,, бр.28/15), па според тоа ова одредба не била во важност кога е склучен наведениот договор на 13.05.2010 година.**

2. Членот 21 став 2 точка 5 од Статутот на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје гласи ,,*Со претходно одобрение на Надзорниот одбор, Управниот одбор одлучува за одлуки кои се однесуваат на износи над 50.000 евра*,,. **Овој став не се однесува за надлежноста на утврдување Цени на услуга (согласно членот 50 од Законот за поштенски услуги (1)Цена и (2)Цени за големи корисници), согласно став 1 точка 3 од истиот член Управниот одбор ги утврдува поштенските тарифи и цените на услугите.** Без никакво условување Собранието на друштвото јасно и недвосмислено преку одредбите од Статутот таа надлежност му ја има дадено на Управниот одбор како орган со најшироки овластувања во управувањето со друштвото (член 20 од Статутот). Утврдувањето на цените на услугите како многу важна надлежност на Управниот одбор и важен аспект од деловното работење на друштвото Собранието не го занемарило или да го стави во контекст на Одлуки над 50.000 евра. Во направените измени и дополнувања на Статутот на друштвото кои се со важност од 25.02.2015 година се направени и други измени. Од тоа е јасно дека не била интенцијата на измените Управниот одбор за да бара претходна согласност од Надзорниот одбор кога ќе ги утврдува поштенските тарифи и цените на услугите. За поткрепа и потврдување на изнесените наводи го даваме и истакнуваме следниот аргумент и пример: Со измените и дополнувањата на статутот (,,Службен весник,, бр.28/15), **Собранието на Надзорниот одбор му дава НОВА надлежност** јасно дефинирана во член 38 став 3 ,,*Надзорниот одбор дава согласност за службени патувања во странство, кога во службената делегација патуваат повеќе од тројца вработени*,,. Оваа надлежност и ако е со значително помал ефект и значење за целокупното работење на друштвото Собранието во одредбите на Статутот го има посебно одвоено и јасно опишано.

**Членот 21 став 2 точка 5 се однесува за инвестиции и постапки за јавни набавки над 50.000 евра за кои Управниот одбор донесува одлука за започнување на тие постапки.** Таквите одлуки од Управниот одбор се јасни по основ на предметот за кој се однесуваат и со точно утврден паричен износ како елемент кој овозможува доследна примена на оваа одредба од Статутот.

**Членот 21 став 2 точка 5 од Статутот доследно се почитува од Управниот одбор на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје и за сите Одлуки за инвестиции и јавни набавки над 50.000 евра се бара согласност од Надзорниот одбор.**

- Пресметани се ,,финансиски импликации,, во 2018 година по основ на посебно утврдената цена за големиот корисник на 13.05.2010 година при тоа **се споредува реална категорија остварен приход во 2018 година со хипотетична категорија приход кој би се остварил ако цената не би била посебна цена за голем корисник туку основна**

**цена.** При тоа се занемарува фактот дека иако тоа е посакувано за А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје, на пазарот тоа реално е недостижно, поради следното:

1. И покрај тоа што е резервирана поштенска услуга во членот 50 став 9 од Законот за поштенски услуги за големите корисници се предвидени посебни цени според утврдени услови и критериуми.
2. Имајќи го во предвид големиот месечен обем од околу 800.000 пратки големиот корисник ја има можноста да одлучи и сам да организира достава на своите пратки преку сопствена курирска служба и тоа да му биде економски исплатливо.
3. И покрај одредбата во членот 41 од Законот за поштенски услуги за останатите даватели за поштенски услуги во однос на резервираните поштенски услуги е уредено дека истите може да ги обезбедуваат услугите, но по цена најмалку 2,5 пати повисока од цената по која давателот на универзална услуга ги обезбедува пратките за коресподенција од стандардната коресподенција од стандардната категорија во првата тежинска стапка. Од друга страна на пазарот се соочуваме со екстремно непочитување и прекршување на оваа одредба. Агенцијата за пошти нема доволен капацитет за целосно да овозможи примена на овоа одредба од Законот за поштенски услуги. Еден период и големиот корисник со кој го имаме склучено наведениот договор за достава на сметки за електрична енергија има користено исти услуги и од други даватели на поштенски услуги без при тоа да се почитува законската одредбата цената да биде 2,5 пати повисока.

За почитување на оваа законска одредба од другите даватели на поштенски услуги, А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје има испратено повеќе пријави до Агенција за пошти, но за жал со незадоволителен исход. Напротив, Агенцијата за пошти на својата веб страна објавила т.н. ,,Мислење за попрецизно интерпретирање на резервираните поштенски услуги,,. Така Агенцијата за пошти на место да се фокусира во преземање на мерки за спроведување на Законот за поштенски услуги, се впуштила во толкување на одредбите на тој закон и покрај тоа што таа надлежност е на Собранието на РСМ а не на Агнцијата за пошти. Со овој чин Агенцијата за пошти на пазарот на поштенските услуги створа дилеми кај учесниците на пазарот и врши насочување на другите оператори на поштенски услуги за заобиколување и непочитување на законските одредби кои се однесуваат на резервираните поштенски услуги. Корисниците и давателите на поштенски услуги овој момент го искористеле и на незаконски начин на пазарот извршувале услуги од опсегот на резервираните поштенски услуги. Како последица на ова Пошта има изгубено значителни приходи.

Тоа многу јасно се гледа преку анализа на приходите од писмоносни поштенски услуги во внатрешен поштенски сообраќај:

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од писмоносни поштенски услуги во внатрешен поштенски сообраќај | 818.053.318,00 | 840.751.042,00 | **757.146.057,00** | 716.109.440,00 |
| Разлика тековна во однос со претходната година | - | + 22.697.724,00 | **-83.604.985,00** | - 41.036.617,00 |

Позитивниот тренд на движење на приходите од писмоносни поштенски услуги во внатрешниот поштенски сообраќај во 2016 во однос на 2015 (за +22.7 милини денари зголемени приходи) се прекинува во 2017 година и во однос на 2016 година се бележи намалување на тие приходи за 83.6 милиони денари. Ова промена на трендот на движење на овие приходи кореспондира со објавеното спорно Мислење од Агенција за пошти на 30.12.2016 година. Негативниот тренд на движење на овие приходи продолжил и во 2018 година.

**Поради горенаведеното, пресметаниот износ како „годишна финансиска импликација„ во 2018 година од посебната единечна цена договорена согласно со договорт од 13.05.2010 година е нереална, хипотетична и дава погрешен впечаток за реалните состојби.**

- Во дадената препорака се бара Органите на управување и раководење на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје да преземат мерки и активности за усвоениот нов Правилник утврдување на цени за големи корисници да добијат согласност и од Надзорниот одбор и мислење од Агенција за пошти.

**Имајки ги во предвид дадените забелешки и објаснувања во претходниот текст за точката 4.1.1. бараме измена или бришење на препораката.** Надзорниот одбор согласно одредбите од Законот за трговските друштва и согласно Статутот на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје нема надлежност да даде согласност за поштенскиот тарифник и ценовниокот на услуги како и за посебните цени за големи корисници. Донесувањето на тие акти е само во надлежност на Управниот одбор (член 21 став 1 точка 3).

Во членот 21 на Статутот се предвидени надлежностите на Управниот одбор. Во ставот 1 се надлежностите на Управниот одбор чие реализирање не е условено, додека во ставот 2 се надлежностите на Управниот одбор за чие реализирање потребно е да се добие согласнсот од Надзорниот одбор. Надлежноста Управниот одбор да го донесе поштенскиот тарифник и цените на услугите е во сатв 1 на членот 21 од Статутот а не и во став 2 од истиот член.

Агенцијата за пошти согласно одредбите на Законот за поштенски услуги исто така нема надлежност да даде мислење за утврдените посебни цени за големите корисници.

Законодавецот во Законот за поштенски услуги тоа право му го има дадено на давателот на универзална поштенска услуга (член 50 став 9 од Законот). Агенцијата за пошти има надлежност да врши надзор на пазарот на поштенски услуги и да утврди дали давателот на универзална поштенска улуга применува еднакви цени за голем корисник кој користи поштенски услуги под еднакви услови како друг голем корисник.

ПРИЛОГ:
- -Договор бр. 15-150/164 од 13.05.2010 год.
- -Измена и дополнување на Статут (сл.весн.28/15)
- -Пријави и барања до Агенција за пошти:
  - -бр.0827-57/8 од 11.05.2017
  - -бр.0827-57/19 од 05.07.2017
  - -бр.0207-57/21 од 14.07.2017
  - -бр.0820-57/28 од 06.11.2017
  - -бр.0827-57/32 од 13.12.2017
  - -бр.0827-263/2 од 26.01.2018
  - -бр.1503-70/2 од 31.01.2019
  - -бр.1503-70/12 од 26.03.2019
  - -бр.1503-40/126 од 03.04.2020
- -Мислењето и Одговори на Агенција за пошти:
  - -бр.02-206/1 од 30.12.2016
  - -бр.0203-57/22 од 28.07.2017
  - -бр.0827-263/5 од 06.03.2018
- -Информирање на Комисијата за економски систем при Владата на РСМ бр.0203-24/77 од 31.10.2018

4.2.1. **Продажбата на основно средство-градежен објект по пат на јавно наддавање без да се пресмета и наплати данок на додадена вредност.**

По основ на ревизорската констатација дека ,,Пошта не пресемтала и не наплатила ДДВ,, напоменуваме дека нашата забелешка е во тоа дека реалната состојба е дека Пошта ПРЕСМЕТАЛА ДДВ но се уште го нема наплатено пресметаниот ДДВ од купувачот на објектот и за истото се води судски спор по тужба поднесена од страна на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје како тужител. По што заведен е предмет со ознака 50ПЛ1-ТС-2087/18. Овој спор во Основниот граѓански суд Скопје како првостепен граѓански суд сеуште е активен, се одржуваат рочишта по што се очекува донесување на првостепена судска одлука.

Од страна на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје ДДВ-то е пресметано во фактурата бр. 24299/000 од 21.09.2018 година.

Имено, врз основа на член 4 точка 1 и член 5 точка 1, 2 и 6 од Законот за продажба и давањето под закуп на деловните згради и деловните простории на РМ како и согласно Одлуката на Владата на РСМ бр.44-309/1 од 24.04.2018 година објавена на ,,Службен весник,, бр.78/2018 од 02.05.2018 година, комисијата формирана од страна на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје ја спровел постапката за продажба преку јавно надавање. При тоа Почетната цена дадена во јавното наддавање е истата цена утврдена во Проценката на Овластениот проценител од Бирото за судски вештачења бр. V CB 45/18 и членот 2 од наведента одлука на Владата на РСМ.

Прилог:
- -Проценка бр. V CB 45/18
- -Одлука на Владата
- -Фактура бр.24299/000 од 21.09.2018 година.

### 4.2.2. Прикажувањето на приходите од поштенски услуги преку фактурирањето

Процесот на фактурирање на приходите по основ на извршени поштенски услуги во Пошта е пропишан со Упатство за фактурирање и наплата на побарувања бр.05-2770/1 од 02.11.2009 година. Надградувањето на комплексниот процес на фактурирање може да се направи со ново апликативно решение.

Прилог: -Упатство за фактурирање и наплата на побарувања бр.05-2770/1 од 02.11.2009 год.

### 4.2.3. Пописот на материјалните средства во Пошта

Во Нацрт извештајот на ревизијата се констатира дека:

Пописот на материјалните средства во Пошта не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот. Поточно согласно одредбите од членот 11, каде е наведено дека: ,,Комисијата за попис помеѓу останатото ги утврдува разликите во бројот (количината) меѓу сметководствената и фактичката состојба на средствата,,. Во пописните листи не е искажана сметководствената материјална состојба на средствата, а е искажана само бројната количинска состојба на средствата утврдена на лице место со пописот, без да се изврши усогласување на состојбата на средствата утврдена со пописот со нивната сметководствена вредност, како и утврдување на евентуални кусоци или вишоци, односно не е извршено усогласување на крајот на годината на состојбата на средствата искажани во трговските книги со фактичката состојба утврдена со пописот (инвентарисувањето). Неспроведувањето на пописот согласно законската регулатива оневозможува потврда на фактичката состојба на имотот, усогласување со состојбата искажана во трговските книги, ризик од губење на средствата и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

Нашите забелешки првично се во тоа дека пописот на материјалните средства СОДРЖИ КОЛОНА ЗА КНИГОВОДСТВЕНА КОЛИЧИНА, КНИГОВОДСТВЕНА ВРЕДНОСТ, КУСОК И ВИШОК, пописните листи ги имаат сите барани податоци од Правилникот и дека истите се усогласени.

Само пописот на основни средства за 2018 година (во пописните листи во 2017 имало ја има колоната за книговодствена вредност) ја нема колоната книговодствена вредност а сите останати ги има. Според констатацијата што ја давате не е земен во предвид фактот дека секоја

ставка од пописот на основни средства значи количина 1, бидејќи секое основно средство има свој бар код и истите книговодствено се задолжуваат средство по средство и така се попишуваат. Тоа значи дека не може да има проблем околу количинско усогласување и искажување на кусок и вишок.

Со Упатството за попис за 2018 година само за основните средства им беа дадени насоки да се иземе колоната книговодствена вредност поради следните причини:

-пописните комисии да се фокусираат на реален фактички попис,

-да се пријават средствата кои од одредени причини физички се префрлени во друга подружница а задолжувањето останало во претходаната подружница од каде дошло средството како би се презадолжиле и

-поради потребното времето за упарување на основните средства без бар код со книговодственото задолжение чиј бар код не може да се прочита (оштетен баркод) а таков тип на средства има физички но немаат бар код.

Реално количините во оваа ситуација може да се усогласат но книговодствената вредност е тешко да се усогласи целосно, затоа што на упареното средство му се дава вредност од задолжено слично средство, но реално се знае дека ист тип на средство не значи дека во различен период или набавени од различни фирми на тендер добиле иста набавна вредност а при препознавање на типот, прашање е дали комисијата ќе може добро да го упари со вистинскиот тип на средство.

Поради тоа во пописот од 2019 година направено е системски да се влече набавната вредност на задожените основни средства но останува проблемот средствата без бар код дали ќе се упарат со правото задолжено средство. Односно без упарување имаме ситуација да имаме кусок на непопишани задолжени средства и вишок на попишани средства без бар код .

Од друга страна во пописни листи има средства наследени уште од делбата со Телеком (01.01.1997 година) кои и физички да се најдат немаат никаква употребна вредност а истите сеуште стојат во книговодствено задолжение .

Управниот одбор усвоил Заклучок со кој дадени се мерки и насоки како да се надмине оваа ситуација кај основните средства и очекуваме дека во 2020 година ќе се надминат сите проблеми на кои се укажува.

Прилог: -Дел од пописните листи
-Пописна листа за основни средства од 2017 година
-Заклучок на Управниот одбор

**<u>Следствено на сето горенаведеното очекуваме да извршите промена во насока на подобрување на Мислењето за усогласеност со закони и прописи и Мислењето за финансиски извештаи на работењето на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје.</u>**

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

### 6.1. Менаџерските договори и менаџерското осигурување

Во однос на содржината на менаџерските договори склучени помеѓу Надзорниот одбор и менаџерите –членовите на Управниот одбор на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје сакаме да потенцираме дека: Надзорниот одбор истите ги има склучено со секој менаџер посебно откако Владата во својство на Собрание на друштвото го има одобрено текстот на менаџерските договори на Петнаесеттата затворена седница на 21.06.2016 година.

Владата на РСМ во својство на Собрание ги разгледува тримесечните извештаи за финансикото работење на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје а врз основа на член 13 точка 2 од Статутот ја Одобрува Годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето. При одобрување на текстот на менаџерските договори Владата била запознаена и ги имала во предвид сите околности за финансиската состојба на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје, врз основа на тоа а согласно и со обврските на менаџерите се одобрени менаџерските договори и правата за менаџерите.

Прилог: Извадок од Записник од седницата на Владата

### 6.2. Ценовната политика за универзалните поштенски услуги

Имајки ги во предвид одредбите од Законот за поштенски услуги, Статутот на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје и Законот за трговските друштва кои се во моментот во сила нема правен основ да се реализира тоа што смета ревизијата дека Правилникот за големи корисници каде се утврдуваат посебни цени за универзалните поштенски услуги да добие согласнсот/ мислење од Агенцијата за пошти, Надзорниот одбор и Собранието на друштвото.

Согласно членот 50 став 3 од Законот за поштенски услуги цените за универзалните поштенски услуги ги одобрува Агенција за пошти, додека согласно став 9 од истиот член цените за големи корисници ги утврдува давателот на поштенските услуги. Тоа е исклучок и за Правилникот за утврдување на цени за големите корисници не треба согласност или мислење од Агенција за пошти.

Во одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје не е предвидена надлежност на Надзорниот одбор и Собранието да утврдуваат, даваат согласност или мислење за утврдување на цени за услугите член 13, член 21 став 2 и членовите од 30 до 39 од Статутот .

Согласно член 21 став 1 точка 3 од Статутот Управниот одбор утврдува поштенски тарифи и цени на услугите.

Искажаниот став на ревизијата може да се спроведе само под услов доколку претходно се изврши изменување и дополнување на Статутот на

друштвото во членот 21 став 2 и тоа, да се додаде нов став 8 кој ќе гласи: ,,-за утврдување на поштенски тарифи и цени на услугите,,. Во членот 13 да се додаде нова точка 15 која ќе гласи: ,,-ги одобрува утврдените поштенски тарифи и цени на услугите од страна на Управниот одбор,,. При тоа, за наведениот став на ревизијата би требало изменување и дополнување да се изврши и на Законот за поштенски услуги во член 50 став 9 да се додаде нова реченица која ќе гласи: ,,-за цените за големи корисници претходно треба да даде мислење или одобрување Агенцијата за пошти,,. **Се додека ова не се направи во примена е важечката регулатива (статут и закон). Со тоа ценовната политика за универзалните поштенски услуги на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје е во согласност со Законот за поштенските услуги и Сататтутот.**

### 6.4. Договорот за обезбедување на опрема и регулирање на трошоците кои произлегуваат од двонасочната податочна комуникација и on-line режим на работа на ИС на деловната банка и Пошта

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Пошта и деловната банка бр. 0207-1422/1 од 29.12.2016 година (основен договор) а со цел поконкретно дефинирање и прецизирање на одредени оперативно-технички аспекти поврзани со примена на Договорот, склучени се и други договори. Меѓу тие договори е и Договорот за обезбедување на опрема и регулирање на трошоците кои произлегуваат од двонасочната податочна комуникација и on-line режим на работа на ИС на деловната банка и Пошта бр.0203-256/1 од 31.01.2017 год. Со овој договор се регулираат повеќе технички аспекти и тоа:

1. Набавката на хардверска опрема
2. Набавката на комуникациска опрема
3. Набавката на програмска опрема
4. Поделба на трошоците од воспоставената двонсочна комуникација и on-line режим на работа
5. Типот, капацитетот и потребата од обезбедување на редундантни комуникациски поврзувања на ЕПМ

Сите овие аспекти се во функција за да може одржувањето и надградувањето на ИТ и ИКТ системите на деловната банка и Поштата да бидат компатибилни а со цел обезбедување на повисока заштита и стабилност на двонасочната податочна комуникација и on-line режим на работа како и изнаоѓање на начини за намалување на трошоците поврзани со тоа.

Имајќи во предвид дека во моментот на склучување на наведениот договор, деловната банка согласно членот 5 став 1 од Основниот договор работела на развивање и унапредување на нова шалтерска ИТ апликација која ќе се поврзе со ситемот за позадинско и централно работење, било сигурно дека ИТ околината во која се одвивала меѓусебната соработка

дотогаш, ќе се менува и тоа најмалку во техничкиот дел гореспоменат под реден број 3 со реална можност да има измени и во другите споменати аспекти. Поради тие причини договорните страни одлучиле важноста на договорот да биде 1 година и тоа до 31.01.2018 година. Продолжувањето на истиот договор или склучување на нов договор е тесно поврзано со утврдување на новонастанатите ИТ услови, нивно опишување и дефинирање на начинот на понатамошно одвивање на ИТ и ИКТ процесите помеѓу Пошта и деловната банка. А се со цел ИТ системите на деловната банка и Поштата и понатаму да бидат компатибилни за обезбедување на повисока заштита и стабилност на двонасочната податочна комуникација и on-line режим на работа како и изнаоѓање на начини за намалување на трошоците поврзани со тоа. Одговорното лице за ИТ работењето на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје и другите надлежни стручни лица во Секторот за ИТ во Пошта овие аспекти не биле во можност да ги утврдат и оценат како и да иницират и пристапат кон измени и дополнување на текстот на постоечкиот договор или изработка на нов договор кој би се склучил помеѓу деловната банка и Пошта а со цел регулирање на сите технички ИТ и ИКТ аспекти на работењето. Подолг период ова прашање било занемарено и несоодветно третирано од страна на Одговорниот за ИТ работењето на А.Д.Пошта на Северна Македонија-Скопје и Секторот за ИТ.

За да се реши ова прашање, и покрај тоа што е јасно дека е од делокругот на секојдневното работење на Секторот за ИТ, Генералниот директор со Решение бр.0205-1256/1 од 19.12.2019 формира работна група. За координатор на работната група го назначува Директорот за информатичка технологија со задача во рок од две недели од денот на формирањето на работната група да изготват предлог текст за нов договор. Дадениот рок на работната група поминал повеќе од 3 (три) месеци и сеуште не е завршена задачата.

Во периодот од 01.02.2018 година од кога не е во важност наведениот договор правата и обврските помеѓу Поштата и деловната банка правен основ имат во одредбите од Законот за облигационите односи, од кои ги издвојуваме:

Член 59 став 1 ,, *Договорот може да биде склучен во било која форма, освен ако со закон поинаку не е определено,,.*

*Член 65 ,,Договорот за чие склучување се бара писмена форма се смета за полноважен иако не е склучен во таа форма ако договорните страни ги извршиле, во целост или во поголем дел, обврските што настануваат од него, освен ако од целта поради која е пропишана формата очигледно не произлегува нешто друго,,.*

Дадените препораки од страна на ревизијата ќе бидат од голема помош за што поскорешно изнаоѓање на решение за ова прашање.

Прилог:-Договор
-Решение за формирана работна група

## 7. Останати прашања

### 7.1. Договор за деловна соработка помеѓу Пошта и деловна банка

Поради специфичноста и својата комплексност што ја има Договорот за деловна соработка помеѓу Пошта и деловна банка во Нацрт извештајот обелоденувате само некои аспекти и состојби. Сметаме дека освен тоа што е обелоденето потребно е да се обелоденат и други аспекти и состојби поврзани со овој договор и воспоставената деловна соработка со него со цел што пореално и целосно обелоденување на состојбата и ефектите од договорот:

Пошта врз основа на склучен Договор за соработка од 31.08.2001 година до 31.08.2016 година во својата мрежа извршувала услуги на платен промет во име и сметка на деловна банка (Поштенска банка).

Договорот кој е во примена од 01.02.2017 година е склучен на 29.12.2016 година со правниот следбеник на Поштенка банка. Овој договор регулира сосема нов концепт на соработка и со него е направено ново разграничување на деловните процеси помеѓу двете договорни страни од тоа што било помеѓу Пошта и Поштенска банка. Со тоа и обврските на договорните страни во извршувањето на услугите се различни.

Во Нацрт Извештајот се прави споредба на остварените приходи во 2018 година со претпоставени приходи ако поделбата на приходите била со соодносот кој важел со стариот договор. При тоа не е земен во предвид ефектот врз намалувањето на трошоците или ненастанување на нови трошоци кои со стариот договор Пошта морала да ги направи.

Во продолжение ќе ги прикажеме поголемите разлики помеѓу стариот (претходниот договор) и новиот концепт (договорот кој е во примена) на соработка помеѓу Поштата и деловната банка.

-Деловни активности кои со Новиот договор кој важи од 01.02.2017 година ги извршува деловната банка додека со Претходниот договор ги извршувала Пошта, се:

1. Банката ја презема целосно работата на трезорите со ангажирање на свои вработени.
2. Банката го презема транспортот на готовината, обезбедувањето и осигурувањето до и од 35 единици на поштенска мрежа со најголеми износи на транспорт на пари.
3. Банката ги осигурува паричните средства во трезорите.
4. Банката ја презеде обврската да развие, имплементира, одржува и унапредува шалтерска ИТ апликација.
5. Банката врши контрола и пресметка на сите финансиски активности кои се вршат во шалтерите на Пошта со ангажирање на свои оператори.
6. Управувањето,чувањето и архивирањето на пресметковните документи од платниот промет ги врши банката.

-Поради новото разграничување на деловните процеси со новиот концепт на деловна соработка Пошта е ослободена од неколку обврски кои произлегуват од законските и подзаконските акти кои ја регулираат областа на платниот промет и други финансики услуги, и тоа:

1. Пошта нема веќе обврска да располага со Сертификат ИСО 20 000
2. Пошта нема веќе обврска да има соптсвена резервна локација за бекап на ИТ база на податоци со активна резервна информатичка инфраструктура.

Сите овие активности кога би биле обврска на Пошта и извршувале од Пошта, во 2018 година би имале финансиски импликации во зголемување на трошоците од работењето. Затоа кога веќе ревизијата ги анализира и проценува остварените приходи од платен промет во 2018 година треба да ги анализира и проценува и ефектите врз трошоците во 2018 година кои се помали од тоа што би биле со стариот концепт на деловна соработка кој важел од 30.08.2001 год. до 01.02.2017 година.

Друг момент кој сметаме дека треба да се обелодени а тоа не е земено во предвид од ревизорите е тоа дека во периодот на важење на стариот концепт на деловна соработка (претходниот договор) имало различни проценти на главните соодноси на распределнба на приходите помеѓу Поштата и Поштенска банка. Од Склучувањето на првиот договор за меѓусебна соработка помеѓу Поштата и Поштенска банка (стариот концепт) па до 31.12.2003 година главниот соднос на поделба на заедничкиот приход бил 70:30 а не 84:16. Истиот е утврден со договорот бр.517 од 10.09.2001 година. Додека при тоа обврските за организирање на трезори, нивно кадровско екипирање, обезбедување на оператори за платен промет, организирање и осигурување на транспортот на паричните средтсва, обезбедувањето, надградувањето и одржувањето на шалтерската апликација биле обврска на Поштата.

Поради горенаведеното кога се обелоденува проценка за влијанието врз остварените приходи на Пошта, дека приходите се помали за износ од 55.582 илјади денари треба да се обелодени и проценка на влијанието врз трошоците. Сакаме да потенцираме дека тука не ја анализираме применетата метода од ревизијата при проценка на влијанието на договорите врз остварените приходи, туку нашите забелешки се во насока дека во случај на таква проценка таа треба да биде сеопфатна односно да ги има во предвид и ефектите на страната на трошоците. Стариот концепт (договор) ќе влијаел некои трошоци да бидат поголеми како и да има нови трошоци кои со новиот концепт (договор) Пошта ги нема.

Од тоа што може да се види ревизијата го има испуштено од анализа приходот остварен по основ на новиот договор за извршени услуги за кои со старите договори Пошта не наплатила провизија за одредени пропратни услуги на главните услуги. Со новиот договор тоа е предвидено со Методологија за формирање на цени и опис на работните

постапки за извршување на услугите. Во 2018 година од овие услуги Пошта остварила приходи од 1.235 илјади денари.

Во продолжение ќе ги наведеме само дел од трошоците кои се заштедени или не настанале на страната на Пошта како резултат на примена на новосклучените договори (новиот концепт):

| **Деловна активност префрлена од Поштата на деловната банка** | **Опис** | **Износ на заштеди на трошоци на Пошта со новиот договор** |
|---|---|---|
| Организирање на трезори и контрола на сите финансиски активности од оператори на банката | Пошта за овие активности претходно ангажирала 51 вработен. При проценка на трошокот се земат само бруто платите за тие вработени. Со префрлување на овие активности на Банката, Пошта има остварено и друга заштеда а тоа е немање ризик за грешки, злоупотреби и др. во случај кога се работи со туѓи парични средства. | 16.807.000 ден. |
| Банката го презема транспортот на готовината, обезбедувањето и осигурувањето до и од 35 најголеми единици на поштенската мрежа | Како трошок за овие активности се проценува само трошокот заштеден од Поштата за полициската асистенција. Во 2015 овој трошок изнесувал 15.516.290 ден. додека во 2018 овој трошок се намалил на 667.892 ден т.е. намалено за 14.85 милиони денари. | 14.848.000 ден. |
| Ризик од кражби при транспорт на парични средства и од трезори. | Овој ризик има високо материјално значење за работењето како и за физичката безбедност на вработените на Пошта кои го извршуваат транспортот. При извршени разбојништва на парични средства во транспорт во минатото има неколку тешко ранети вработени на Пошта.<br>Од 2001 до 2017 година кражбите и разбојништвата на парични средтва изнесуваат над 100 милијони денари. Како најголеми вооружени кражби при транспорт ги одвојуваме три и тоа:<br>-2005 и 2008= 76.450.000 ден | 90.110.000 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| | -2013 = 13.660.000 ден | |
| Развивање, имплементирање, одржување и унапредување на шалтерска ИТ апликација | Овој трошок во 2016 год. во документот бр.03-11355/1 од 28.10.2016 е проценет од стручните служби на Банката и лицата на пошта. Тоа е како потреба за развивање и унапредување на шалтерската апликација. Во овој трошок не е опфатено тековното одржување на апликацијата. | 13.499.000 ден. |
| Имплемантација и сертификација за ИСО 20 000 и ИСО 27 001 | Продолжувањето на соработката помеѓу Пошта и деловната банка со стариот концепт, барало Пошта неминовно да го имплементира и да се сертифицира со стандардот ИСО 20 000 надограден и со ИСО 27 001.<br>Имплементирањето на овие стандарди освен што ќе значеа дополнителни трошоци ќе бараа и дополнителен кадровски потенцијал и знаење во Секторот за ИТ кој ќе биде во континуитет ангажиран по нивната имплементација за примена и аплицирање на стандардите.<br>Како трошок ќе го прикажеме само планираниот износ за имплементација и сертификација во Планот за јавни набавки на Пошта за 2017 година бр.0201-223/5-1 од 31.01.2017 год. | 6.372.000 ден. |
| Трошок за обезбедување на алтернативна бекап локација за чување на ИТ податоци. | Еден од клучните услови за добивање на Сертификатот за ИСО 20 000 и ИСО 27 001 е да се обезбеди алтернативна бекап локација за чување на базата на ИТ податоци. Истата да биде со посебни технички услови и опрема. Во последната постапка за јавна набавка за обезбедување на ова услуга постигната е месечна цена од 233.050 ден. т.е за една година 2.796.600 ден. Со примена на новиот концепт на соработка и целосно имплементирање на новата шалтерска апликација | 2.796.600 ден |

| | | |
|---|---|---|
| | изработена од деловната банка Пошта нема обврска да има алтернативна локација за бекап на податоци. По овој основ Пошта заштедува годишно 2.796.600 ден. | |
| Заштеда од поделбата на трошокот за линиите за он лине комуникација | Во старите договори трошокот за линиите за он лине се делеле 84:16 додека со новиот концепт се дели 65:35. Овие соодноси се исти со главните соодноси договорени за поделба на приходите. Вкупниот трошок за комуникациски линии за он лине рјимот на работа во 2018 година изнесува 11.029.081 ден. истиот помеѓу Пошта и банката е поделен:<br>Пошта 65%=7.168.903 ден<br>Банка 35% =3.860.178 ден<br>Во случај да се работело со стариот концепт, поделбата ќе беше:<br>Пошта 84%=9.264.428 ден<br>Банка 16% =1.764.652 ден<br>Т.е. Пошта со новиот концепт покрива помал трошок за линииите за 2.095.525 ден. | 2.095.525 ден. |
| | | |

Ако ги собереме само дел од наведените трошоци кои ги има заштедено Пошта или не морала да ги направи поради новодоговорениот концепт на соработка со новите договори а при тоа да не се соберат прикажаните кражби при транспорт на парични средства добиваме износ од 56.418 илјади денари.

Од наведеното а врз основа на пристапот на ревизијата за да процени и споредиа претходниот со новиот договор, може да се заклучи дека со новиот Договор по проценка на ревизијата Пошта остварило помалку приходи во износ 54.347илјади денари ( 55.582 илјади – 1.235 илјади ден.) Од друга страна како резултат на помалку или воопшто не настанати трошоци заштедени се најмалку трошоци во износ од 56.418 илјади денари. Согласно овие проценки, погрешна е констатацијата во страна 24 од Нацрт извештајот дека поради овие договори Пошта работи со значителна загуба од 2017 година. При тоа не се зема во предвид дека токму во 2017 година имаме намалување од 83,6 милијони денари на приходот од писмоносни поштенски услуги во внатрешниот поштенски сообраќај. Додека во 2016 година за истите услуги имало зголемување на приходот за 22,7 милиони денари (објансето погоре на страна 5).

Пошта со новоиот концепт на соработка со деловната банка успеала значително да го намали оперативниот и репутацискиот ризик од извршувањето на услугите од платен промет. Истотака го намалила и административниот ангажман за спроведување на постапките за јавни набавки за ИСО 20 000, ИСО 27 001, алтернативна локација како многу сложени процедури поради тоа што требало да се запази компатибилноста помеѓу ИТ и ИТК системите на Поштата и Банката. И ако оваа придобивка е многу значајна за оперативното работење на Поштата и обезбедување на континуитет за нормално тековно работење тоа е тешко да се квантифицира и да се прикаже во паричен износ.

Прилог:
-Договор бр. 517 од 10.09.2001 год.
-Договор бр. 02-17/13 од 06.08.2010 год.
-Договорот бр. 0203-256/1 од 31.01.2017 год.
-Документ-финансиски импликации за договорните страни од спроведување на решенија во предлог договорот за соработка помеѓу МП и ЕСБ бр.03-11355/1 од 28.10.2016год.
-Една месечна фактура за алтернативната локација бр.0714-1/213 од 26.01.2017 год.
-Аналитичка картица за Трошоци за он-лине од 01.01 до 31.12.2018 год.
-Извадок од Планот за Јавни набавки за 2017 година бр.0201-223/5-1 од 31.01.2017 год.

## 7.2. Договор за исплата на пензии и социјална помош на домашна адреса

Укажувањата на ревизијата се добродојдени и несомнено ќе бидат еден дополнителен аргумент на страната на Пошта при секое отварање на преговорите со другата договорна страна.

Сакаме да објасниме дека процесот на преговори за деловната соработка помеѓу Поштата и деловната банка воден од Работната група формирана од Владата на РСМ со преставници од Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министесрството за економија и Пошта а следен во континуитет од Владата на РСМ е воден во насока на опфаќање на сите услуги кои во моментот се нуделе на пазарот заеднички помеѓу Пошта и Поштенска банка како и дефинирање на рамка и услови за полесно развивање на истите или воведување на нови услуги.

Од 01.01.2009 година исплата на готовина (чекови)на домашна адреса е укината како услуга. Услугата која се нуди на пазарот за исплата на пензии и социјална помош на домашна адреса е продукт дефиниран и дизајниран помеѓу Пошта и Поштенската Банка и истиот во суштина е сличен на исплатата на готовина од трансакциска сметка на физичко лице на шалтерите на Пошта. Место тоа, исплатата се врши од пошторазнесувачите на терен и истите ја извршуват функцијата на подвижен шалтер. Во Основниот договор ова услуга е ставена во групата „Други услуги според договор„ бидејќи за реализирање на овие услуги а за разлика од исплатата на шалтер потребно е да се има Склучен писмен договор со примателот на пензијата или социјалната помош на домашна адреса –физичко лице. Договорот склучен со физичкото лице-прималел на пензија или социјална помош е единствената разлика во споредба со исплатите од трансакциска сметка на шалтерите на Пошта. Главната

причина поради која во процесот на преговорите не се успеа за овие услуги да се договара различен сооднос на поделба на приходите со деловната банка (тоа да биде во полза на Пошта) од договорениот генерален сооднос, бил фактот дека со новиот концепт на соработка значителен дел од трошокот, ризикот и одговорноста за транспортот на парите паѓа на терет на деловната банка. Најголемиот дел од транспортот на готовите парични средства од целокупното работење кој сега го врши деловната банка е врзан токму со извршувањето на услугите за исплата на пензии и социјална помош на домашна адреса. Покрај тоа и претходниот Договор за исплата на социјална помош на домашна адреса бил со сооднос на поделба на приходите со исти проценти како процентите на генерално договорениот сооднос на поделба на приходите 84:16.

По однос на договорот за исплата на пензиски примања на домашна адреса со друга деловна банка склучен во 2008 година со кој надоместокот за поштарината е 100 % на Пошта, сакаме да објасниме дека овој случај од технолошки аспект на извршување на услугата е различен од тој на извршување на услугата исплата на готовина на домашна адреса за клиенти –иматели на трансакциски сметки во деловната банка во чије име Пошта го врши платниот промет (Еуростандард банка). Пошта за да изврши исплата на пензиските примања на домашна адреса на пензионерите кои имаат трансакциска сметка во другата деловна банка (не во банката со која Поштата заеднички го врши платниот промет) отворила своја наменска сметка број 370016010048005 преку која ги прима и ги исплатува паричните средства на домашна адреса на нивните пензионери. За отворената наменска сметка Пошта има трошок по основ на провизија кон депонентната банка во која е отворена таа сметка.

При исплата на парични примања на домашна адреса на иматели на трансакциска сметка во деловната банка во чије име Пошта го врши платниот промет (Еуростандард банка), Пошта нема потреба да отвори наменска сметка а со тоа нема и дополнителен трошок. Од ова може да се заклучи дека во случајот на договорот со другата деловна банка, реално 100% од поштарината не останува на Пошта туку дел од таа поштарина се плаќа како трошок по основ на провизија за отворената наменска сметка од страна на Пошта. И во првиот и во вториот случај услугата исплата на парични средства на домашна адреса Пошта го врши во име на деловната банка со која има Договор за вршење на услугите на платен промет.

Прилог:

-Договор бр.15-150/157 од 04.04.2012 год.

**7.3. За услугите на платен промет да се воспостават процедури кои се однесуваат на банкарското работење**

Во однос на укажувањето дека за извршувањето на услугите од платниот промет Пошта треба да воспостави процедури кои се однесуваат на банкарското работење, сакаме да потенцираме дека согласно одредбите од Договорот за соработка помеѓу Пошта и деловната банка бр.0207-1422/1 од 29.12.2016 год. тоа така е прдвидено и тоа во Член 6 ,, *Правилниците, уатствата и процедурите за извршување на услугите од членот 2 на овој договор се изработуваат и усогласуваат со постојната законска регулатива од страна на деловната банка во соработка со пошта,,*. Поради спецификата на услугите на платниот промет во членот 8 од истиот договор е предвидено и внатрешната ревизија и другите контролни центри на деловната банка да вршат контроли во Пошта по претходна најава.

Генерален директор
Ejup Rustemi

**Одговор**
**на забелешки на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 14.04.2020 година, од страна на Генералниот директор на А.Д Пошта на Северна Македонија – Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на А.Д Пошта на Северна Македонија – Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-437/4 од 16.04.2020 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.,** која се однесува дека е утврдена цена со попуст од 50% за резервирани поштенски услуги за голем корисник за вршење на резервирани поштенски услуги - прием, сортирање, пренос и достава на обични писма - пратки до 20 грама на корисник со обем од околу 800 илјади пратки на месечно ниво поради финасиски имликации на помалку остварен приход на годишно ниво за околу 86.000 илјади денари, **делумно се прифаќа.** Во однос на образложението за надлежност на Управниот Одбор да одредува поштенски тарифи и цени како што е уредено со Статутот истото е неспорно. Утврдената состојба се однесува за посебна цена за резервирани поштенски услуги за кои со Законот за поштенски услуги на АД Пошта и е дадена еклсклузивна цена ( 2,5 пати пониска, член 41 од Законот) во однос на останатите учесници на пазарот поради што одобрувањето на попуст од дури 50% за голем корисник за кој не е добиено одобрение од Агенцијата за пошти не е во согласност со член 80 Законот за поштенски услуги.
   Во член 80 став 1 алинеја 14 во Законот за поштенски услуги предвидени се прекршочни одредби за давателот на универзални услуги доколку "применува цени кои не се одобрени од Агенцијата (член 50)", односно и за посебните цени кои АД Пошти има право да ги утврди за големите корисници потребно е одобрение од Агенцијата за пошти.
   Што се однесува на забелешката на делот од наодот за недобиено одобрение за утврдената цена од Надзорниот одбор истото се прифаќа и овој дел од наодот се брише, а препораката соодветно се прилагодува.
   Доставените документи за резервираните поштенски услуги кои се однесуваат на Мислењето од страна на Агенцијата за пошти за резервираните поштенски услуги на крајот на 2016 година, претставките од АД Пошта до Агенцијата за непочитување на Законот за поштенски услуги во однос на резервираните поштенски услуги од страна на останатите оператори со општо овластување, известувањето до Генералниот колегиум на Владата за економскиот систем **претставуваат известување** за проблемите со кои се соочува АД Пошта, при

вршење на резервираните поштенските услуги и нелојалната конкуренција која се создава во услови на невршење на надзор од страна на Агенцијата за пошти ( подетално објаснето во точката 6.2.) .

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува дека при продажбата на основно средство – градежен објект по пат на јавно наддавање не е пресметан и наплатен данок на додадена вредност, **не се прифаќа** поради тоа што е склучен Договор за купопродажба на недвижен имот-деловен простор од 27.07.2018 година на кој е извршена солемизација на 03.09.2018 година, без во истиот да се искаже и ДДВ на постигнатата цена при продажбата по пат на аукција/јавно наддавање што не е во согласност со одредбите од членот 19 став 1 точка 4 од Законот за ДДВ според кој основица за пресметка на ДДВ за прометот остварен по пат на лицитација е постигнатата крајна цена во постапката на лицитација. Тоа што подоцна, во врска со продажбата од страна на АД Пошта е издадена фактура која е на износ 8.359 илјади денари со вклучен ДДВ, не влијаело купувачот да го плати и изност на данокот, туку имајќи го предвид склучениот договор ја има платено само основната цена од 7.084 илјади денари, но не и данокот на додадена вредност од 1.275 илјади денари кој до денот на ревизијата не е платен, а од страна на АД Пошта е поведен судски спор.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.,** која се однесува на прикажувањето на приходите од поштенски услуги преку фактурирање, **претставуваат известување** дека процесот на фактурирање се врши согласно Упатството за фактурирање од 2009 година кое ревизијата го имаше во предвид и за кое имаме констатирано состојби во наодот дека не се применува во целост. Со известувањето дека надградувањето на процесот на приходи може да се изврши со ново апликативно решение се потврдува состојбата која е утврдена од страна на ревизијата.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3.** која се однесува на тоа дека пописот на материјалните средстава во АД Пошта не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, **не се прифаќа** поради тоа што во пописните листи не е искажана сметководствената состојба на средствата со количина и вредност, а е искажана само фактичката состојба на средствата, со што не е извршено усогласување на состојбата на средствате утврдена со пописот со нивната сметководствена вредност, како и утврдување на евентуални кусоци или вишоци.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 6.1.** во делот за **„Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет“**, која се однесува на тоа дека во услови кога АД Поштата работи со загуба Надзорниот одбор

одобрил склучување на договори за менаџерско осигурување за периодот од 01.04.2018 до 01.04.2019 година за кои на осигурителната компанија е исплатен износ од 2.760 илјади денари од сметката на АД Пошта, **не се прифаќа.** Ревизијата не ја оспорува донесената Одлука за исплати по основ на менаџерско осигурување, само истакнува дека согласно одредбите од член 365 став 5 во услови кога претпријатието работи со загуба и финансиската состојба е значително влошена надлежните органи Надзорниот одбор и Собранието на друштвото треба да ја преиспитаат Одлуката за исплати по основ на менаџерско осигурување.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 6.2.,** во рамките на делот за **„Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет“**, а кои се однесуваат на ценовната политика на универзалните поштенски услуги **не се прифаќаат**, а за истите ревизијата има дадено детално образложение во забелешките по точка 4.1.1. од извештајот и истото не влијае на промената на констатираната состојба во точка 6.2.

7. Забелешките на констатираната состојба во **точката 6.4.,** во рамките на делот за **„Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет“**, а кои се однесуваат на Договор за обезбедување на опрема и регулирање на трошоци кои произлегуваат од двонасочната податочна комуникација и “on-line режим на работа на ИС на деловната банка и АД Пошта **претставуваат известување** за отпочнати мерки и активности и мерки кои треба да бидат преземени за надминување на состојбите. Генералниот директор со Решение бр.0205 -1256/1 од 19.12.2019 година формирал работна група која има задача да изготви предлог текст за нов договор со рок за завршување на задачата од две недели, но ова прашање сеуште не е регулирано. Преземените мерки соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај за извршена ревизија.

8. Забелешката на констатираната состојба во **точката 7.1.,** во делот за **„Останати прашања“,** а која се однесува на **Договорот за соработка помеѓу АД Пошта и деловната банка** и даденото образложение во однос на новиот концепт на соработка и новото разграничување на деловните процеси, **делумно се прифаќа**, и во Конечниот извештај во точка 7.1 се додава дополнителна алинеја која гласи :

   “ *Со новиот договор предвиден е нов концепт на соработка со кој одредени деловни активности ги презема банката и тоа: трезорот и осигурувањето на пари во трезор, транспорт на готовина до и од 35 ЕПМ, развој на шалтерска апликација, контрола и пресметка на сите финансиски активности со оператори од банката, како и управување, чување и архивирање на документите. Поради преземање на обврската за шалтерската апликација АД Пошта е ослободена од обврската да располага со Сертификат ISO 20 000 и бекап локација. Исто така воведена е*

*Методологија за формирање на цени и опис на работни постапки за извршување на услуги во АД Пошта во име и за сметка на деловната банка по која е остварен приход во 2018 година во износ од 1.275 илјади денари."*

Доставениот документ "Финансиски импликации за договорните страни за спроведување на решенијата во предлог договорот" бр.03-11355/1 од 28.10.2016 помеѓу АД Пошта и деловната банка беше предмет на разгледување од страна на ревизијата, а во однос на заштедите и финасиските параметри од причина што се работи за проектирани трошоци ревизијата го дава следното образложение:

- Забелешката за поделбата на приходот во износ од 70:30 кој се применувал како соодносот од 2001 година до крајот на 2003 година не е предмет на анализа од страна на ревизијата. Поделба на приходот во сооднос 84:16 за платен промет и 90:10 за исплата на готовина на домашна адреса (поштарина) се во примена 01.01.2004 година по Договор бр.03-7084/1 од 20.10.2004 година, а и во симулацијата на финансискиот резултатот по старите и новите договори се применува сооднос од 84:16, односно 90:10.
- Во однос на заштедите за организирање на трезори во износ од 16.807 илјади денари, преземен од документот "Финансиски импликации " а се однесува на платите за трезористите не се прифаќа од причина што вработените сеуште работат во АД Пошта, односно ни во Основниот договор, ни во документот кој е презентиран не е наведено дека ќе се преземат и вработените, а дадено е образложение за индиректни заштеди преку прераспределба на трезористите.
- Во однос на заштедата на трошоците за транспорт на готовина со полициска асистенција во износ од 14.848 илјади денари, не се обврска по договорите на банката поради што не може да се третира како заштеда. Ова било обврска на АД Пошта по Заклучок на Влада донесен во мај 2008 година, после кражбата која се случила. Со префрлањето на обврската на банката за транспорт до 35 ЕПМ делумно е намален ризикот за кражба при транспорт на парични средства но останува ризикот за транспорт од 35 ЕПМ до останатите 326 ЕПМ на територија на цела држава.
- Во однос на ризикот од кражба при транспорт на парични средства за кои АД Пошта има евидентирани побарувања во износ од 90.110 илјади денари за кражби кои се случиле во 2005 година, 2008 година и 2013 година според информациите дадени во забелешките, за кои со ревизијата утврдивме дека АД Пошта евидентира побарување и очекува наплата. Со новите договори овие ризици сеуште постојат како ризик поврзан со банкарско работење и истиот треба да се сведе на минимум со имплементирање на соодветни процедури и со осигурување на паричните средства од кражба. Во 2018 година исто така има проневера на парични средства во износ од 3.195 илјади денари од страна на вработен. Заштедите треба да се бараат во помалата сума за осигурување поради преземање на дел од ризикот од страна на

банката.
- Во однос на трошокот во износ од 13.499 илјади денари кој се однесува на развивање, имплементирање и одржување на шалтерската апликација која требало да се заврши најкасно 12 месеци од примена на договорот, односно 01.02.2018 година, а која сеуште не е завршена сметаме дека пролонгирање на рокот за оваа активност претпоставка е дека генерира дополнителни расходи за АД Пошта, исто така сеуште во примена е и Договорот за сервис каде што АД Пошта е во улога на добавувач и го врши без надомест од причина што сеуште се доцни со оваа активност, а и доворот за " on –line режим" е поврзан со изготвување на шалтерската апликација.
- Во однос на трошокот за Сертификатот ISO 20 000 за управување со информатички систем и трошоците за бекап локација се обврска на банката поради преземање на шалтерската апликација за платен промет. Во Основниот договорот не е предвидена обврската деловната банка да располага со Сертификат ISO 20 000 кој е за управување со информатички услуги, односно предвидено е процедурите да се носат од страна на Банката, а АД Пошта да постапува по истите. Во текот на ревизијата ни беа доставени процедури за платен промет кои се донесени во 2013/2014 година после целосната приватизација на Поштенска Банка поради што не може да потврдиме дека е имппленетиран Сертификатот ISO 20 000 во работењето на АД Пошта.
- Трошоците за on line режим се земени во предвид во табелата при пресметка на приходите и расходите за 2018 година. Ревизијата укажува дека поради неважечкиот договор, а преземени обврски за комуникациски услуги постои ризик и тие 35% да не се подмират од страна на банката. Делот од трошоцои за деловната банка за 2018 година изнесувале 7.567 илјади денари (35%), а вкупните трошоци се во износ од 21.614 илјади денари на годишно ниво.

Напоменуваме дека изнесеното во делот **Останати прашања** не се констатации кои зависат од АД Пошта и истото не влијае на издаденото мислење.

9. Забелешката на констатираната состојба во **точката 7.2.** во делот **Останати прашања** која се однесува на Договорот за исплата на пензии и социјална помош претставува **известување** за преземени активности и објаснување за причините за утврдената состојба. Во однос на констатираната состојба не се доставени нови факти или докази за оспорување на состојбата, а со образложениeто дека станува збор за различен процес укажуваме дека и во двата случаи станува збор за приход од наплата на поштарина за исплата на готовина на домашна адреса за пензии и социјална помош.
Во првиот случај се врши поделба на приходот за поштарина во износ од 65:35, а за поделбата по стариот договор укажуваме дека истата е во износ од 90:10, не како што е наведено во забелешките во износ од 84:16.
Во однос на другата деловна банка за вршење на услугата- исплата на готовина

на домашна адреса, приходот за извршената услуга е во целост на АД Пошта, со таа разлика што банката депонет наплаќа банкарска провизија.

10. Забелешката на констатиранта состојба во **точката 7.3.** во делот за **„Останати прашања“** која се однесува на процедурите за банкарско работење претставува **известување** за одредбите во Основниот договор кои ги имавме во предвид при вршење на ревизијата.